Деновиве односно веќе месец дена работиме на нов Деловник на Собранието на Република Македонија и од него ги црпиме искуствата за останатите парламенти. Добро да ги црпиме тие искуства и да ја дефинираме работата на нас овде во парламентарниот дом. Но по се изгледа и на Владата и на голем дел други чинители им одговара да ги читаат тие деловници и правила за пратениците само до одреден дел. Натаму каде што треба да зајакне функцијата пратеник и да зајакне контролната функција на Парламентот како институција, над Владата и останатите институции во Република Македонија, натаму не го читаат.

Јас сметам, со оглед на нивото на економски развој што го имаме во Република Македонија, барем дел од тие работи можеме да ги примениме и во Република Македонија. Не постои парламент во светот каде пратеникот нема можност да испрати едно писмо до институција, а камо ли да испрати писма до бирачите. Не постои место, не постои пратеник во било која европска земја каде што пратеникот нема своја канцеларија. Тоа го зборував кога беше и општиот претрес по Буџетот. Не постои место каде пратеникот ќе мора цело време по ходници овде да шета, каде што пратеникот од каде што доаѓа, на пример јас од Битола, за да се сретнам со оние кои ме избрале, за дбро или за лошо, нема место каде да се сретнеме и ќе морам да седнам во некоја кафана, и на крајот ќе испадне дека пратениците по цел ден седат по кафеани, или пак својот сопствен дом да го претворите во канцеларија.

Јас сметам дека основна работа зошто така се држат пратениците, не од оваа Влада, не се однесува на оваа Влада, на сите влади кои биле досега, е да го урнат угледот на пратеникот, да го оневозможат пратеникот да работи како што треба за да можат да го раководат така како што на нив им одговара. За ова сме разговарале многу пати овде во Собранието на Република Македонија но изгледа немавме храброст еднаш отворено за тоа да проговориме. Затоа сега со амандманот предлагам на секој пратеник не да му се дадат пари, да не се сватиме погрешно, туку како што е во секоја држава, со сметки Собранието на Република Македонија да им овозможи, од местата од каде што доаѓаат да имаат еден асистент кој не би бил постојано вработен, со 8.000 денари месечна надокнада, кој би работел за пратеникот додека пратеникот е отсутен од својата изборна единица. Ние сме овде веќе 60-70 работни дена, во овој состав и како пратеници, и да сака некој да не побара, апсолутно не може да најде никој, бидејќи нема канцеларија, нема човек со кого да контактира и не можеме да оствариме ни елементарни услови на работа. Ние како пратеници не можеме да напишеме еден амандман, еве како што јас сум од Битола и некако да го испратам тој амандман да стигне овде во Собранието, освен ако не дојдам и овде имаме сите заеднички, тројца или четворица вработени кои треба за сите нас да работат. За овие 180 амандмани, навистина беше жалосно да гледате како по 4-5 службеници во Собранието деноноќно работеа за да успеат да ги поднесат овие амандмани. Затоа предлагам пратеникот во таа канцеларија да има 1.000 денари максимум, да користи телефон во текот на месецот за контакти со граѓаните и предлагам 10.000 денари месечно по пратеник, за промовирање на своите активности, за истакнување на својата работа.

Го поставувам следното прашање. Имено ние постојано го поставуваме прашањето колку Владата потроши за промовирање на 100-те дена, за промовирање на сите свои активности овие денови. Ни еден пратеник, не знам сега колку беше сумата на Владата, но ниеден пратеник нема ни еден денар да каже пак што тој направил, на крајот на краиштата.

Ајде да бидам малку, можеби и вулгарен, но морам. Зошто со државни пари некој секоја вечер да може да ја гледа шарпата, шамијата на потпретседателката Коневска, а не може еден пратеник за своите активности да плати во едно делче од весник и да каже дека ќе организира трибина на таа и таа тема, затоа што да организирате трибина треба да платите. Во Битола, да организирате една трибина, како пратеник , треба да платите 7.000 денари за користење на малата сала во Домот на културата. Тоа од платата наша да го платите, треба да одвоите од личните средства. Ако пак побарате спонзор, и така сите ние пратениците тоа го правиме, за тоа бараме спонзори, за да организираме една најобична трибина. Ќе побараме спонзори за 20-30.000 денари за да ни е покрие таа трибина, ама тој спонзор после 4-те години кога сте на власт, ќе бара контра услуги.

Господине министер, сметам дека тоа не се големи пари. Тоа се минимални пари, да почнеме и да заживее тој систем.

Во претходниот состав на овој парламент, по иницијатива на Националниот демократски институт се отворија 40-тина канцеларии во Република Македонија, кои ги финансираше тој Институт, за асистент и обезбеди компјутерска опрема. Останатиот дел, пратениците, кој најде во партијата, или на други места, за кирија, за телефон, си ги плаќаат. Тоа се покажа доста успешно. Всушност тоа беше и почетокот на таа иницијатива, да се започне така како што е во сите развиени земји, за да може граѓанинот да го најде пратеникот, за даможе граѓанинот да разговара со пратеникот.

Уште еднаш ќе повторам, тие пари не се даваат на пратеникот за да може тој да ги троши за други работи. Тие пари се исклучиво пари кои треба да бидат преку жиро сметка, исклучиво врз основа на документ. Јас се надевам дека ќе собереме храброст.

Јас морам да ви кажам, ве сфаќам колеги пратеници кои ја подржувате Владата. И јас сум

се наоѓал во изминатите 4 години во такви ситуации кога сум размислувал дека сте во право, но не знам, од некои интереси ќе ни кажеа немојте такви ставки, не сме ги прифаќале овие амандмани. Но мислам дека е време да заживее парламентарната демократија во Република Македонија.

Еден од тие услови, овие се минимални средства, сите од нас сме биле во посета на парламенти во Европа. Ние бевме една делегација минатата година кој што го посетивме Конгресот на САД. Тоа е далеку од нас. Воопшто не алудирам дека тоа нешто можеме да го направиме. Но да започнеме барем основнит еуслови да ги создадеме за пратеник. Претседателот е заангажиран, да видиме како ќе оди тоа да се обезбедат канцеларии овде во Парламентот. Од 120 пратеници 100 немаат каде да седнат да напишат еден амандман. Сите се собираме во една канцеларија. Тоа е друг проблем. Но, овие се минимални средства и мислам дека Владата може овие 30 милијони денари да ги одвои, помалку да се рекламира во следната година, нека бидат за Парламентот. Од тоа ќе има корист и Владата, затоа што и пратениците тогаш ќе имаат можност да контактираат при донесување на закони со луѓе кои што се директно засегнати од одредена област. Тогаш и пратениците ќе можат да придонесат за поквалитетно донесување на законите.

Мислам дека ќе наидам на подршка кај колегите пратеници и ќе благодарам на поддршката ако овој амандман го изгласаме. Инаку, не прифаќам после подршка надвор од оваа врата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

120-те народни избраници овде во Парламентот сме луѓето кои треба да ја претставуваме, да ја имплементираме демократија во Република Македонија. Зборот демократија доаѓа од грчките зборови демос, што значи народ икратија, владеење. Значи, наше е гласот на народот и пулсот на народот да го пренесеме и да го имплементираме овде во Парламентот.

Сигурно дека нашиот контакт со македонскиот народ и со нашите избирачи не заврши на 5 јули. Убедена сум дека многу повеќе размислувањето на народот треба да го претставуваме и да го спроведуваме овде по изборите, односно во изминатите и вонаредните денови. А како би можеле тоа да го направиме, ако немаме основни услови за контакти со нашите избирачи.

Овој увод го почнувам, за да кажам дека убедена сум дека сите 120 пратеници овде размислуваат исто и дека сите 120 пратеници овде ќе го поддржат амандманот на господин Слободан Најдовски, ако имаат слобода да гласаат по нивно сопствено мислење и пресудување. Ако 120-те пратеници овде не се заложници на сопствената партија и на сопствената Влада.

Мислам дека 33-те милијони денари се минималното што може нашата Влада да направи кон правилно функционирање на македонските пратеници.

Јас сум прв пат пратеник во Собранието на Република Македонија и да ви кажам бев вџашена на кој начин функционираат пратениците. Преносот од оваа парламентарна сала,нејзиниот декор и ентериер се само парада дека демократијата во Македонија функционира како што треба. Ако ние пратениците немаме основни услови за функционирање, ако немаме канцеларија во местото од каде доаѓаме да можеме да се сретнеме со избирачите, да можеме да се сретнеме со македонскиот народ. Ако немаме канцеларии во Парламентот, да можеме да прочитаме што треба и како се работи на друго место и да го пренесеме тоа, џабе ни е дебатирањето и седењето овде.

Дали нашата улога е само да седиме на овие столчиња и да се претвориме во гласачка машинерија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

На почетокот сакам да кажам дека ќе го подржам амандманот на господинот Слободан Најдовски, од едноставна причина што во овие 15 години на градење на парламентарна демократија, една од најголемите забелешки е дека пратениците не доволно комуницираат со базата, со граѓаните, со гласачите кои што ги избрале на оваа функција. Тоа е констатација на сите нас и тоа беше една од заложбите, желбите и обврските кои што ги презедовме во изборната кампања навистина да обезбедиме што е можно поголемо присуство и контакт со избирачите од изборните единици од каде што доаѓаме.

Имајќи предвид дека сите европски парламенти, сите парламенти во изборните демократии, сите парламентарци посветуваат максимално внимание токму на оваа комуникација, затоа што се претставници на граѓаните, имајќи предвид вокакви услови работат овие парламентарци, навистина ќе мораме еднаш да бидеме храбри и да се одважиме навистина да изгласаме еден амандман, што ќе оди во функција за зацврстување на сопствената позиција и улога, како и поголемо зацврстување на контролната функција на Собранието на Република Македонија и да не се претвораме често пати, како што беше до сега во овие години во инструмент на Владата на Република Македонија.

Мислам дека недозволено е пратениците во Собраниеот на Република Македонија кои што професионално ја обавуваат функцијата пратеник да немаат сопствена канцеларија во која што ќе мора да работат во Собраниеот, а уште помалку

да немаат канцеларии во местата од каде што доаѓаат, заради тоа што едноставно, немаат услови за таква работа.

Проектот кој што беше на МДИ пилот проектот од минатиот парламентарен состав и кој што се покажа како добар, позитивен, имаше резултати. Навистина мислам дека е време таквиот проект да го институционализираме, да обезбедиме средства од Буџетот, кои што не се големи средства и не се средства кои што се фрлаат залудно. Едноставно ќе може да се обезбеди работна просторија во местата од каде што доаѓаме, ќе можеме да обезбедиме еден асистент кој што ќе биде во дирекна комуникација со граѓаните по периодот додека пратеникот е во Собранието на седниците, ќе можеме да обезбедиме место на кое што ќе се среќаваме со луѓето и ќе разговараме и ќе обезбедиме една нормална комуникација. Значи, сите овеи услови кои што се предвидени со амандманот се неопходни и потребни на сите нас, без разлика дали доаѓаме од парламентарното мнозинство или од парламентарната опозиција.

Токму од тие причини, мислам дека ќе мора да посветимемалку поголемо внимание и на дигнитетот на пратеникот и на дигнитетот на Собранието, навистина ако може извршната власт да користи средства за сметки за ручеци за претставување на сопствените резултати во медиумите, медиумските кампањи и така натаму, пари кои што исто така се од граѓаните, барем минимум право имаат пратениците да користат дел од овие средства за да можат успешно да ја извршуваат функцијата пратеник и конечно да постигнеме она што впрочем, го бараат граѓаните од нас, навистина да бидеме народни избраници.

Од тој аспект, ги повикувам сите пратеници да го подржиме овој амандман и да го направиме првиот чекор кон зајакнување на нашата позиција и на Собранието воопшто. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Усвојувањето на претходниот амандман, мислам дека беше еден мал сигнал дека Владата има разбирање за условите за работа на пратениците. Некој кажа дека демократијата е скапа работа, но се е релативно. Некогаш сме подготвени да платиме доволно висока цена за она што го цениме. Јас мислам дека демократијата нема цена. Да ги искористиме сите можности да може таа да функционира.

Целосно и лично и од име на Владата имам разбирање за ова што вие го кажувате. Но има тука неколку проблеми кои што сакам да ги изнесам и сакам и вие да имате разбирање.

Прво, немавме доволно време да се запознаеме како ќе функционираме како Парламент и Влада. Функционираме неколку месеци, дури немавме време навреме да го добиеме буџетскиот циркуларот според редовната буџетска процедура од Собранието на Република Македонија. Но направивме напори да ги усогласиме потребите во рамките на материјалните можности со кои што е проектиран Буџетот за следната година.

Јас би сакал да имаме разбирање дека не може сега со овој Буџет да ги намалуваме основните извори на приходи во Република Македонија да решиме еден проблем, кој што не бил решаван со години. Владата ќе го има предвид ова барање и ќе работиме во иднина тоа да се реши. Не мислам дека амандманот е технички исправен господине Најдовски, дозволете вака неколлку забелешки. Мислам дека е потценета сумата од воие 33 милијони денари. Но, и тоа не е мала сума. По моја проценка барем 5 пати повеќе би требало средства да се обезбедат и да се предвидат за овојсистем да профункционира. Секој пратеник да има канцеларија во местото на живеење. Вие на пример сте ставиле цена од 3 илјади денари за закупнина за канцеларија. Тоа претпоставувам го замислувате како празна просторија, без опрема, без мебел и така натаму. Верувајте, не е оваа калкулацијата која што би била реална. Многу повеќе средства се потребни за таа намена. Изворот на средства е исто така проблематичен. Функциите на државата кои што исто така со закон се определени. Ние мораме да имаме одговор на некои непредвидени ситуации, како што имавме случаи во минатиот период. И до колку може предлагачот да не инсистира на овој амандман, до колку може пријавените дискутанти, да можеме да работиме во однос на Предлог буџетот да не инсистираат на своите дискусии, навистина би било она што навистина и лично би го ценел, со ветување дека нависитна ќе се обидме заеднички да ги решаваме проблемите во интерес на демократијата на Република Македонија.

И уште еден одговор на посебна забелешка дека Владата не троши средства на граѓаните за сопствено рекламирање и ручеци и така натака, средствата што се предвидени на сметка на Владата за оваа намена за промоција се наменети за промоција на Република Македонија со оние напори за кои што сакаме да ги решаваме горливите проблеми со невработеноста со привлекување на инвестиции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Слободан Најдовски. Три минути, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господине министер само да разјасниме неколку работи Воопшто немам намера да се конфронтирам за овој амандман. Можеме за изворот да разговараме, дали од оваа ставка, но убеден сум, верувајте ми, дека во овој Буџет 30 милијони денари се едно зрнце песок во еден камион. Така што, еве да седнеме да разговараме со вас да видиме изворот од каде е. Но, немојте да ме сватите погрешно. Велите досегашната промоција беше промоција на Република Македонија, не беше на Владата. Мислам на сите ни е јасно. Од кога беа примени вработените во Владата тие 8-9 луѓе уште 20 дена одеше објавување на огласот за тие нови вработувања. Да не ме сватите погрешно, тие нови вработувања беа потребни.

Секој премиер сака да си има екипа и тоа е нормално, десетина луѓе на кои најмногу ќе им верува. Но немаше потреба тие пари да се потрошат. Со тие пари ќе се платеа телефоните за делот ова што јас го предлагам. Калкулацијата велите дека не е точна. Гледав најмалку што може да се зафати. Имаме места, канцеларии по општините, по градовите кои што се понастрана од централното градско подрачје, кои што ќе чинат поефтино. За телефон, на крајот на краиштата, ова усвојте го, јас сумубеден дека секојод нас пратениците има телефони по илјада денари и сам ќе си ги купи. Мислам оправдување нема. Спремен сум, најверојатно и останатите колеги пратеници, да седнеме да разговараме. Но бидејки ние немаме повеќе можност да предложиме амандман, предложете вие од страна на Владата да видиме од друг извор, затоа што не се работи за конфронтирање. Се работи за функционирање на системот. Мислам дека нема ни еден аргумент кој што не би одел во прилог на усвојување на овој амандман. Јас ќе повторам уште еднаш, корисста ќе биде заедничка и за Владата и за пратениците и за развој на демократскиот систем во Република Македонија. А дека немало средства за промоција на друг начин потрошени тоа е за друга расправа, но може барем дел од тие средства ако се насочат за пратениците ќе бидат покорисно искористени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Борис Кондарко, три минути повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Почитуван минситер Славески, во вашето говорење велите дека е проблематично обезбедувањето на овие средства заради некои повисоки интереси, како што се изворите на финансирање, одржувањето на функциите на државата. Зарем претставниците на извршната власт, почнувајќи од министрите, па надолу по хиерархија, зарем за нивните привилегии и луксузи, не велам за обавување на функциите, туку буквално привилегии, а ќе кажам и зошто,не е проблематично финансирањето и изворите на приходи и не се проблематични одржувањето на функциите на државата кога се во прашање претставниците на извршната власт. Дали освен министрите на кои им следуваат службени автомобили и шофери, сите други надолу, почнувајки од замениците министри, државните секретари, некои советници, шефови на кабинети, некои директорчиња ситни на јавни институции, сите тие користат вакви привилегии и луксузи. Одат по кафани и ресторани, потпишуваат сметки за ручеци, за алкохолни пијалоци и така натаму. Се разбира, ова го говорам бидејки вие сте нов, како власт, ова го говорам и за СДСМ. Многу од власта на СДСМ токму тоа го правеа. Меѓутоа, за жал, лошите навики и вие брзо ги учите. Значи, не може да се удира за се и сешто по грбот на пратениците. Пратениците не бараат ни привилегија ни луксуз. Бараат основни услови за да можат да ја извршуваат својата законска и уставна обврска. Значи, пред се, контактите со граѓаните и изготвувањето на законски проекти и истражувања и така натаму. Значи освен пратенчката плата, нека каже некој што привилегија, а пратениците не бараат привилегија, имаат пратениците. И да ги спোредиме со привилегиите и луксузирањата и трошењето на парите од страна на претставниците на извршната власт.

Затоа, немојте да мислите кога велите дека она што го прави Владата и троши пари за промоција дека е тоа пак во името на некој повисок интерес и велите дека тоа е за Република Македонија. Немојте да мислите дека сме толку наивни ако тие пари биле предвидени за таа ставка. Промовирајте ја Република Македонија, но вие си ја промовирате сопствената партија и работите на сопствениот политички рејтинг и ги трошите народните пари. Тоа е политичка злупотреба на средствата од Буџетот на грбот на граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Само едно појаснување за стапката функции на државата, не се однесува за нечие функционирање ниту на пратеник, ниту на министер, ниту на некој друг претсатавник на Влада или Министерство. Ова е агрегатна ставка со која што се обезбедува во непредвидени ситуации. Еве на пример ова што беше случај, со што ние почнавме како Влада масовен наплив на извршни судски решенија. Тоа е нешто што ниту сме го планирале во Буџетот, ниту сме го очекувале, па ниту можеме со сигурност да очекуваме што ќе стигне од она што е по судовите на Република Македонија против државата Република Македонија за наплата. А, кога станува збор за луксузирање, да го потсетам господинот Кондарко едно решение на Владата беше намалување на лимитот за министрите и за сите други корисници на службени телефони во министерствата за по 1000 денари линеарно и луксузите да се возиме во автомобилите на нашите претходници.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министер, мислам дека токму заради јакнењето на демократијата и демократскиот капацитет на институциите во Република Македонија, овој амандман требаше да биде прифатени и со тоа да покажете добра волја дека еден од стоте чекори ќе биде чекор во унапредувањето и зајакнувањето на функцијата на пратеникот. Бидејќи, тоа не беше направено од страна на Владата, токму заради тоа и заради обезбедување на основните услови за работа на еден пратеник и комуникација впрочем со граѓаните што му е основна задача, го предлагаме овој амандман односно го предложи господинот Најдовски, а ние го поддржуваме, се со цел да можеме да обезбедиме навистина солидни услови и да го направиме овој прв чекор и кон зајакнувањето на дигнитетот и на пратеникот и на

Собранието. Ако неможеме овде да обезбедиме услови за работа, ако овде неможеме да имаме една просторија во Собранието како професионални пратеници, каде што ќе ги ставаме материјалите основни за работа, туку ќе мора да ги носиме секогаш во сопствените возила, па често да седиме и да работиме таму, тогаш мислам дека би требало да го направиме првиот чекор и овој амандман да биде прифатен од страна на пратениците и да овозможиме да обезбедиме по една просторија во која што ќе можеме да имаме средби со граѓаните и да ги оствaруваме дел од активностите што произлегуваат од пратеничката функција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема контра реплика, па госпоѓо Бендевска ако можете во овие 6 минути да се сместите да не давам пауза, ќе дадам пауза после вас.

Повелете,

**Весна Бендевска:** Сакам да го прокоментирам односот на господинот министер кон овој амандман. Со оглед на тоа што господинот Славески како министер е основен претставник на предлагачот на овој Предлог-буџет, тоа е Владата на Република Македонија предводена од Никола Груевски.

Односот на министерот кон овој амандман, за жал, по мое длабоко убедување го одразува односот на министерот кон институцијата пратеник. Во парламентарните демократии, каква што всушност е Република Македонија, нема повисока институција од институцијата пратеник. И, тоа е многу јасно. Ние како законодавна власт ги бираме претставниците на извршната власт, а не обратно. Нас на непосредни слободни избори не бираат граѓаните да ги претставуваме и да го контролираме извршувањето на Владата на својата функција. За жал, условите во нашата земја се сосема спротивни. Наместо функцијата пратеник да е издигната на највисоко ниво, бидејќи не е тоа однос кон поединец, тоа е однос на претставник на голема група на граѓани е токму спротивното. Кај нас можност да се располага со буџетски средства има секој претставник на извршната власт. Од највисоко до најосновно ниво. И, тоа не само можност со буџетски средства да ја остваруваат нивната функција, туку како што спомнаа и другите пратеници добиваат и привилегии по разни основи.

Воопшто нема да се согласам со ставот на министерот дека овој буџет нема капацитет да го издржи прифаќањето на овој амандман. Повторно ќе се навратам на она што го дискутирав при општиот претрес. Не можете да не убедите, господин министер дека нема средства, а токму во вашиот Предлог-буџетот, буџетот на Разделот Влада на Република Македонија го зголемувате два ипол пати за да докажете дека навистина имате разбирање за обавувањето на функцијата пратеник, тоа е она што секој од нас го бара, тоа е она што е во интерес на секој граѓанин на Република Македонија, би ви предложила. Од расходите на Владата на Република Македонија, ставка 425 договорни услуги, кои како што реков се десеткратно зголемени односно од 23 милиони се наголемени на 234 милиони, да издвоите 33 милиони денари заради да можеме навистина со сопствениот дигнитет да ги преставуваме граѓаните на Република Македонија во соодветни услови. Токму тогаш ќе докажете дека имате предвид значењето на функцијата пратеник, бидејќи во спротивно ако извршната власт не може да најде средства и да обезбеди нормално функционирање на секоја државна функција, тогаш во Република Македонија имаме навистина сериозен проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика нема.

Давам пауза од еден час.

Во 15,00 часот продолжуваме со седницата.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа.

Пред да му дадам збор на наредниот дискутант, да ги повикаме претставниците на Владата да влезат во салата. Ве молам да ги обезбедиме претставниците на Владата.

Можеме да продолжиме со работа, со претрес по амандманот.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван господине минстре, почитувани колеги пратеници,

Ова мое обраќање или мојов говор особено ќе се однесува на колегите пратеници и апелирам сите да снајдат сили да го подржиме овој амандман на господинот Најдовски, затоа што веќе министерот го одби амандманот.

Најголем аргумент зошто овој амандман треба да се подржи:

Овие 15 години, особено последниве години, овој Парламент постојано работи во насока на независнот на трите власти што се столб на секоја држава, на законодавната, извршната и судската. И овде, пратениците без исклучок од сите состави, работат на нивно осамостојување. Ние донесуваме разни закони. Дури претходната година пристапивме кон измена на Уставот со цел да обезбедиме независност на една од трите валсти, на судската. А, никако, колеги пратеници да поработиме на незавниснот на законодавната власт.

2002 година, со донесувањето на Законот за избор на пратеници, пратеничката функција стана професионална. Но, од она што значи професионално обавување на функцијата пратеник е сведена само на пратеникот, покрај пратеничката функција да не може да работи

никаква друга работа. Тоа е добро да биде така, затоа сме се определиле за вакво решение. За тоа што, навистина, пратеникот треба да биде тука во Праламентот, треба да биде заедно со граѓаните на средби, да може да ги слуша граѓаните и да може нивниот глас да го пренесе овде во Парламентот.

Но, што се случува? Пратеникот, освен што ја обавува професионално функцијата, што не врши други функции нема никакви услови професионално да ја обавува оваа функција.

Прво, ќе почнеме, во ова Собрание...

(Дофрлање од место)

И треба да гласате колешке, затоа што еве сега ќе видите, вие ќе се соочите како мнозинство со проблеми. Во ова Собрание канцеларии или кабинети имаат само претседателите на работните тела. Останатите пратеници работат во една канцаларија, работат на еден компјутер, работат со таа служба, колкава е толкава е, што е во Собранието. Секако дека тука треба мало признание да оддадема на малубројните практиканти кои даваат се од себе да ни помогнат во обавувањето на нашата функција.

Дали може со вакви усови да се обавува професионално работата на функцијата - пратеник? Човек - пратеник не мора да биде експерт и не може да биде експет од секоја област, но може да има некоја идеа, поттикната од граѓаните, од регионот, кои ги застапува и секако, прво и основно треба да има свое место, свој работен простор, свој компјутер и логистичка подржка од стручни лица по области. Но, сето ова го немаме и сме доведени во ситуација, грубо да кажам, да растрчуваме по скали, да одиме од една до друга канцаларија ако сакаме да напишеме еден обичен и прост амандман. А, каде е пак улогата на пратеникот како, согласно Уставот и Деловникот, овластен предлгач на закон. Ова е, почитувани пратеници мислена именка.

За да се изработи еден закон теба да се има не само услови за работа, туку и сериозна логистичка подршка.

Министерот кажа дека, точно е дека ова било проблем и дека како проблем не бил решаван. Навистина, да ви кажам нема ни да се решава, затоа што така се сака да се биде. Но, еднаш мора да се почне со решавање на овој проблем.

Бидејќи функцијата пратеник не е само работа во овој Парламент, тој треба постојано да биде во контакт со граѓаните. Ние, претходниот мандат, како пратеници, видовме дека овој Деловник и ваквиот начин на работа во Собранието не дава можност успешно да се обавува овој дел од работана задача што ја има пратеникот, а тоа е постојана комуникација со граѓаните. Затоа што, ако ние повторно се претвориме тука постојано да бидеме во ова парламентарно собрание, сите ние ќе бидеме далеку од контактите, далеку од народот и нема да го слушаме народот.

Дури и да го смениме Деловникот и да воведеме решение со кое што поинаку ќе се работи во овој Парламент и ќе дозволува време пратеникот да се посвети на оваа друга обврска, повторно ќе немаме ресурси, како што ги немаме овде во Собранието.

Прво, јас сум по втор пат пратеник, ова ми е втор мандат и искрено да ви кажам имав голема привилегија што ми беше дадена канцаларија за комуникација со граѓаните, односно беа обезбедени по еден компјутер, еден асистент и еден телефон за комуникација, со тоа што требаше сами да се снаоѓаме за простор. Сега тоа го немаме и не знам дали ќе го имаме.

Ве прашувам, каде вие, како пратеници од вашите региони ќе се среќавате со вашите граѓани? Дома, во вашите дворови, во дневните ваши соби? Не е изводливо, затоа што не може. сите ние имаме семејства, фамилии. Не може работните обврски да ги пренесуваме и работиме дома.

На кој начин вие ќе одите во некое населено место за да ги посетите вашите гласачи? Или да го посетите цел електорат? Можеби во текот на овој мандат треба да привлекувате и дргуи луѓе кон вашата идеја и заложба што ја правите. На кој начин и со кои средства ќе го посетите населеното место кое е одалечено од местото на кое живеете за да одржите еден состанок и да презентирате што била последна точка на Парламентот што го тангира соодветното населено место. А, пак, за поширока, евентуална дебата или да соберете одредена целна група и не станува збор. Затоа што сето тоа треба некој, прво да го подготви, ние немаме логистичка подршка зад нас и требаат средства, ресурси.

Да не се лажеме, на Парламентот, на законодавната власт и треба независнот, затоа што единствено законодавната власт остана зависна. Зависноста се држи со недавање ресурси и средства за работа на пратениците.

Напротив, пратениците, сите овие години скоро да се ставени како на столбот на срамот. Се што побаруваме, еве можеби и овој амандман ќе се сфати од граѓаните или ќе биде пренесен така дека еве пратениците повторно нешто бараат. Ние, со овој амандман не бараме ништо за себе. Не бараме нешто материјално за нас, некоја материјална добивка, туку, бараме да ни се обезбедат средства и услови да можеме ефикасно да ја вршиме работата за која што не избрале граѓаните, за која што не плаќа оваа држава и за која што и по Устав и по законите сме должни на граѓаните на Република Македонија.

Знам дека овие средства нема да ги решат овие проблеми, но секогаш се трга со еден чекор. Ако овој чекор денеска не го направиме, ние нема никогаш да тргнеме. Овој амандман треба сите пратеници, без исклучок од која политичка опција се во овој Парламент, треба да го подржат. Затоа што со ово амандман ќе покажеме дека пратениците веќе работат на осамостојување на законодавната власт, со тоа што не бараат нешто за себе, туку бараат да им се создадат

неопходните услови за работа што, еве сега пред сите граѓани кажувам, што сега и до сега ги немале и вака не можат успешно да ја обавуваат функцијата пратеник.

Јас очекувам, не дека премислив некој од пратениците, сите дискутираме надвор во холовите дека навистина немаме услови за работа, туку оваа моја дискусија да се свати како една поддршка во охрабрувањето затоа што овој амандман не е ниту против политика на одредена политичка опција вперен, овој амандман не е ниту против Влада, овој амандман е во интерес на ова Парламентарно собрание и секако на сите идни парламентарни состави .

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Мило ми е што конечно во Собранието на Република Македонија отворивме една многу сериозна тема, а тоа е функционирањето на пратениците во Собранието на Република Македонија. Посебно ми е мило што можевме да слушнеме и да наидеме на разбирање на министерот за финансии, кој не само што декларативно може да звучи тоа што го кажа дека разбира, дека треба да се зацврсти функционирањето на Парламентот и нормално демократијата во Република Македонија, туку тоа го покажа не дело со тоа што прифати еден амандман со кој што се овозможи нормално да се одвиваат работите во Собранието на Република Македонија, барем од аспект на техничка поддршка во однос на ревитализација на вентилатори, електромотори, филтри, ремени, чистење на системите за вентилација, одржувањето на информатичката опрема, одржување на опрема во печатницата, значи тоа се најнеопходните услови за да може нормално да функционира Парламентот од технички аспект службите овде и пристојни услови за работа од она што го имаме на располагање.

Сосема сум согласна дека е жално во Собранието на Република Македонија пратениците да немаа столче каде можат да седнат и да ги извршуваат своите обврски. Тоа решивме да го надминеме на тој начин што сите се согласивме да се започне со доградба на Собранието на Република Македонија и да се создадат услови за да можат пратениците да имаат свои ростории и место каде можат да ги завршат своите секојдневни работи.

Останува најгорливото прашање на кој начин да направиме нормално да функционира Парламентарната демократија во Република Македонија односно пратениците да бидат вистински глас на гласачите, на граѓаните кои очекуваат од нив нормално да ги кажуваат нивните барања, нивните потреби, сите ќе се согласиме дека е тоа отежнато заради тоа што ние сме од понеделник до петок овде во Собранието на Република Македонија. Така беше во изминатите четири години, така е сега како што гледаме и овие четири месеци, се прекинува врската со луѓето кои се заинтересирани да допрат до нас, да можат да си ги кажат своите размислувања, своите проблеми и од нас да бараат поставување на дневен ред на одредени точки кои се од нивен интрес.

Јас ги разбирам моите колеги, бидејќи и јас се наоѓам во таква ситуација, еве од сабајле до сега имам 63 пропуштени повици, граѓаните упорно звонат и бараат да ги кажат своите проблеми, ние сме на седница по цел ден, а за да бидеме парламентарци треба да учествуваме во расправата, да ја следиме расправата, а во исто време граѓаните бараат и да се сретнеме и да ни ги кажат нивните проблеми. Тоа во сите други земји е решено на многу едноставен начин со тоа што пратениците имаат асистенти и во моментот кога пратениците се зафатени граѓаните не се запоставени и не тропаат на затворени врати и на телефони на кои нема кој да им се јави, туку асистентите се тие што ги ислушуваат, што ги бележат нивните барања, нивните потреби и понатаму ги процесуираат до пратеникот и до институцијата онаму каде треба да добијат одговор.

Значи, не само во делот на поддршката внатре во Собранието, тоа што сме оставени сами во работење на амандмани, за добивање на експертски мислења, сето тоа недостасува и го нема во Собранието на Република Македонија за една пратеничка група, а камо ли за пратеник. Поголема е важноста за прашањето како да го направиме линкот помеѓу граѓаните и нас парламентарците.

Навистина е неопходно потребно, бидејќи тоа се покажа како многу позитивно во претходниот период кога МБИ овозможи ние како пратеници во поголемите градови да имаме канцеларии со опрема, со компјутери, со факсови, со асистенти, оваа пракса да продолжи и доколку не сме го нашле најсоодветното место од таму каде треба да побараме пари од буџетот на Република Македонија и со тоа можеме да направиме штета ако го изгласаме и да земеме одредени средства од тоа место онаму каде во моментот ние сме мислеле дека може, тогаш Владата на Република Македонија и министерот за финансии да земат обврска да видат од каде може да се доделат одредени средства, да стаиме во контакт и Владата на Република Македонија во исто време да стапи во контакт со градоначалниците на локално ниво барем трошоците за канцеларии и телефони да бидат покриени од општините и на тој начин буџетот на државата може да се растовари и да разговараме за оној дел кој значи надомест за асистентите кои ќе ја обавуваат оваа многу важна задача за нормално функцонирање на еден пратеник и нормално да функционира парламентарната демократија во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали некој од пријавените е за реплика?

Три минути реплика за госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Мене ми е навистина драго што јавно е соопштен ставот на пратеничката Силвана Бонева како координатор на најголемата парламентарна група.

Апсолутно видовме дека претпоставувам дека е споделено ова мислење со сите други нејзини колеги од политичката партија. Значи, ставот на ВМРО ДПМНЕ е дека се навистина неопходни средства за функционирање на секој пратеник одделно, како институција.

Меѓутоа, на крајот, ве молам госпоѓо Бонева јавно да го соопштите ставот како ќе гласате по овој амандман. Мислам дека целиот ваш став беше како вртење во круг. Има потреба, се согласувате со сите наши дискусии, а немате сила да го поддржите овој амандман, бидејќи се однесува лично на вас.

Би ве повикала да го соопштите ставот дали имате сила да го гласате над вашите партиски убедувања. Дали имате сила да прокламирате, барем еднаш, дека и вие како дел од законодавниот дом се трудите да го задржите и да го подигнете дигнитетот на извршувањето на функцијата пратеник. Инаку, вашата декларативна поддршка, а гласање спротивно на тоа, говори многу повеќе од колку мислите. Сигурна сум дека граѓаните во овој момент не гледаат, ако пратениците од ВМРО ДПМНЕ гласаат против значи не ги застапуваат соодветно и не ги поддржуваат барањата кои доаѓаат од страна на граѓаните. Јасни се, бараат да сме достапни, бараат простор каде ќе можат да контактираат со нас, да ги доставуваат своите предлози, барања, иницијативи итн.

Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, јас сум петта година во Собранието на Република Македонија и многу јасно ги согледав сите пропусти на функционирање на парламентарната демократија во Република Македонија и посебно на проблемите со кои се среќаваат пратениците.

Воопшто не вртев, јасно и гласно кажувам дека ќе го поддржам овој амандман, меѓутоа, од министерот за финансии беше кажано бидејќи се работи за ставка која е наменета за судски решенија кои мора да ги исплати државата, бидејќи се работи за ставка која, еве ние не сме знаеле дека од функција на државата има многу поважни нешта што е неопходно да се исплатат па да оставиме на Министерството за финансии, на Владата на Република Македонија да направи напор на кој начин може да биде решен овој проблем за да може вистински да профункционираме како пратеници.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Лалчевска, но не ја гледам во салата, не е присутна.

За збор е јавена пратеник госпоѓа Лилјана Поповска исто така и неа не ја гледам во салата.

Имам збор јас, кратко да дадам свое размислување по однос на овој амандман.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, очигледно дека амандманот доаѓа од пратеник кој е по трет пат во Собранието односно трет мандат ужива во Собранието на Република Македонија, а гледам од расправата дека се јавуваат пратеници на кои ова им е втор мандат и кои веќе доволно се запознаени со проблемите кои ги имаат пратениците кои со мандатот од 2002 година станаа всушност професионалци. Луѓето кои се избрани за пратеници се посветуват на оваа работа. Еден од тие сум и јас и сакам да кажам дека токму пратениците го влечат легитимитетот од граѓаните, од народот, кој ни дозволи да бидеме нивни претставници во Собранието на Република Македонија.

Го слушнав ставот на министерот, драго ми е, иако тој не го прифати амандманот, но драго ми е што се обврза дека ќе прави сериозни обиди улогата и функцијата на пратеник да заживее онака како што треба. Да го вратиме достоинството на нас пратениците односно на Собранието на Република Македонија, бидејќи знаете добро и во очите на граѓаните како пратеници и како институција Собрание не стоиме најдобро. Да бидеме искрени.

Бидејќи сакам отворено да говорам за сите работи и проблеми кои ги имаме како Република Македонија токму за овој амандман се јавив за да дадам поддршка на колегата Слободан Најдовски, претпоставувам дека намерата му е добронамерна, нема заднини, популистички намери бидејќи навистина сака со ова да направиме обид да создадеме услови за сите нас.

Можеби јас сега од оваа позиција како потпретседател на Собранието уживам одредени привилегии кои можат да ме стават во редот да ја обавувам професионално функцијата пратеник, да имам свој простор каде можам да се посветам на работата во Собранието како пратеник. Знам дека најголем дел од пратениците тоа е невозможно. Мора да се собираат или во Клубот на пратениците или во други простории каде секојдненво ќе ги обавуваат своите активности кои ги имаме како пратеници.

Искрено, сакам да сугерирам, ако има волја, ако има желба кај нас да дадеме шанса на овој амандман да биде дел од текстот на Буџетот, ако се надминеме ние како пратеници да не го сфатиме ова дека секогаш кога се расправа за нас пратениците дека ние треба да влечеме одредени бенефиции, за разлика од актуелната економска состојба во државата.

Сведоци сме години наназад, а и колешката Бонева добро знае дека ние самите си ги скративме сите наши привилегии. Добро знаат пратениците од претходниот мандат. Ако се вратиме наназад имавме една иницијатива од пратениците во претходниот мандат каде во Законот за локална самоуправа баравме

пратениците во договор со локалната самоуправа да имаат свои простории каде ќе можат да контактираат со гласачите, со тие кои ги избрале, меѓутоа, и таа иницијатива, таа идеја, за жал, не помина во Собранието. Значи, секогаш кога сме требале да раправаме за нас и за нашите пореби, пред се професионални, ние тоа не сме го правеле.

Јасно реков дека ќе дадам шанса, ќе гласам за амандманот на колегата Слободан Најдовски, во исто време ќе го држам министерот за збор дека се обврза овде да направи сериозни напори да создадеме услови, идејата која беше за надградба, можеби лично не ја поддржувам, јас сум за идеја за спојување односно правење мост со првата соседна зграда на Собранието каде ќе обезбедиме услови за секој од нас пратениците да може професионално да си ја обавува својата работа и да има апсолутен придонес во работата на пленарните седници и на комисиите, верувам дека и во тој правец ќе успееме во наредната година да го надминеме и реализираме како решение кое го наметнавме овде во Собранието.

На крајот ссамо ќе кажам една случка која ми се случи во Анталија на еден собир на повеќе парламентарци од нашето опкружување и од Европа. Во разговор со колега пратеник од Турскиот парламент и во разговор со колега пратеник од Рускиот парламент ги соочивме нивните обврски и права и јас како пратеник од Македонскиот парламент.

Кога говоревме во делот на платата, бидејќи нашата плата не е тајна, таа јавно се знае, не сакам овде да ја коментирам, кога ги споредивме платите помеѓу мене, пратеникот од Турскиот и пратеникот од Рускиот парламент, Турскиот колега ми рече со висината на мојата плата, бидејќи тоа беше пред да ги зголемиме нашите плати, ако се сеќавате, колеги од претходиот состав со паушалите кои ги додадовме, пратеникот од Турскиот парламент ми рече колега вие сте нелегитимен со таа плата да одлучувате. Јас сериозно ја сфатив неговата сугестија меѓутоа, кога ми ги кажа привилегиите кои тој ги ужива како пратеник, верувајте секој од пратениците во Турција и покрај тоа што има безплатен превоз, било каков, има сума на годишно ниво која му е наменета специјално за комуникација со електоратот. Таа е висока. Ќе речам точно 50 илјади евра добива секој од пратениците во Турскиот парламент на годишно ниво единствено за комуникација со електоратот.

Кога рускиот колега рече дека секој од пратениците во Думата има во својот кабинет, во својата канцеларија вработено по тројца асистенти кои имаат обврска да ја следат целокупната работа, ова го говорам за пример за кој јас лично сум разговарал и сакам овде да го споделам со вас само во однос на споредба со нашите колеги. Јас знам дека амандманот не е по однос на висината на личниот доход, туку амандманот се однесува на условите со кои ние треба да си ја подобриме нашата работа како професионалци овде во Собранието на Република Македонија.

Јас, колега Најдовски искрено верувам дека ова сте го направиле добронамерно, немате некои задни или популистички намери со овој амандман и ќе ви дадам шанса на овој амандман.

Ви благодарам.

Реплика за пратеникот Павле Трајанов, повелете три минути.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека отворивме една расправа која е исклучително важна и битна за функционирање на пратениците и за комуникација со гласачите, граѓаните.

Меѓутоа, мислам дека денеска и да изгласаме промена на Буџетот нема да се постигне целта за таа работа. Јас сугерирам Парламентот преку стручните служби да напрват една темелна анализа, да подготвиме еден проект како и на кој начин да комуницираме со граѓаните, со гласачите, и во меѓувреме мислам дека Владата треба да се подготви односно да предложи финансиски решенија како и на кој начин тоа да биде финансирано.

Вака како што сме организирани навистина немаме никаква комуникација со граѓаните. Треба прво да го смениме Деловникот, Парламентот да биде многу поефикасен, да имаме доволно време и за комуникација со граѓаните, да ги слушнеме и нивните размислувања, со еден збор потребна ни е реформа на работењето на Парламентот во целина ако сакаме да ги застапуваме автентичните интереси на граѓаните.

Мислам дека не е голема ставка може и Владата да го поддржи сега, но тоа ќе бидат поединечни решенија, нема да биде систем кој ќе даде резултати во практичното работење на Парламентарците.

Во таа насока мислам дека е добра оваа расправа, Владата сигурно треба да размислува во оваа насока, но можеби ако почнеме вака да ги менуваме ставките тешко дека ќе излеземе од оваа рсправа и за Буџетот затоа моја сугестиа е да се направи темелна анализа или реформа на функционирањето на Парламентот во целина.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** За реплика се јави госпоѓа Дулиќ Благородна. Повелете вашите три минути.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателе, јас само сакам да се надоврзам на тоа дека амандманот не е во функција за добивање на привилегии на пратениците, туку во функција за тие да можат да ги исполнуваат своите обврски како пратеници. Меѓутоа, јас ќе би кажам дека како претседател на Комисија имам посебна канцеларија во просториите на Собранието на Република Македонија, а исто така имам и просторија и определен ден за средба со граѓаните во рамки на зградата на општината Гази Баба. Меѓутоа, со оглед на начинот како ние функционираме како Парламент, јас многу ретко

влегувам во овие две канцеларии, не сум во состојба ни да влезам, а камо ли нешто да работам во овие простории, затоа што Собранието ни функционира како што функционира во непродуктивни седници. Според тоа, се додека не се измени Деловникот за работа на Собранието, се додека ние не станеме експедитивни и се додека не ни се обезбеди слободен ден, односно слободни денови во текот на неделата нема простор за да се размислува за некои други канцеларии и некоја друга работа надвор од Собранието.

Според тоа, го поддржувам предлогот на колегата Трајанов ова прашање да не се симне од дневен ред во смисла Владата да размислува за начинот на кој тоа ќе ни се обезбеди, да ни се обезбедат услови за работа како пратеници. Меѓутоа, пред се ние како Собрание прво да си ги разрешиме нашите проблеми во однос на функционирањето на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на репликата.

Три минути реплика госпоѓа Ташева Виолета.

**Виолета Ташева:** Се јавувам во врска со предложениот амандман и би сакала едно дообјаснување во однос на дискусијата во која би сакала меѓу другото да предложам дека не мора само да се навраќаме кон можностите Владата да ни обезбеди средства за да можеме да функционираме, можеме да се обратиме во локалната самоуправа да замолиме во општините во однос на простор и услови да ни се овозможат. Затоа што сепак граѓаните овде во Скопје сите не можат да дојдат од изборните единици. Тие можат многу поедноставно и побрзо да дојдат во локалната самоуправа од каде што ние доаѓаме. Сите не сме во изборна единица 1. Во државата има 6 изборни единици. Значи, мислам дека е посоодветно да се размислува да се побара помош и да се понуди контактот граѓаните да го имаат во рамките на општините.

А што се однесува до ефикасноста, би замолила многу помалку паузи и многу повеќе ефикасна работа во Собранието. На тој начин ќе си оставиме временски простор за да можеме да им посветиме внимание на нашите граѓани кои не бираа, односно да бидеме конструктивни да можеме дискусиите конструктивно да ги водиме и ефектот од нашето работење да го видат и граѓаните и нашата работа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на репликата.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувани колеги, се сложувам со сите оние кои што зборуваа денеска дека ова преставува исключително важна тема, дебата, како и на кој начин да се подобрат условите за работа во Парламентот и на пратениците и како да бидеме поблиску чекор до граѓаните. Не случајно неколку години наназад странски организации финансираа функционирање на локалните пратенички канцеларии и токму претпоставувам дека колегата Најдовски тргнува од тоа дека со овој амандман кој што е мал, но навистина значаен чекор и би рекол почеток на една нова позитивна пракса која што на крајот на краиштата е зацртана и со закон и со Устав. Тоа е еден чекор со кој што на реален начин би рекол би ја допреле суштината на парламентарната демократија, со тоа што е многу поважна во овој момент за граѓаните, отколку за нас пратениците. Меѓутоа, интересен е и фактот што сите дискутанти по оваа точка рекоа дека ќе го поддржат овој амандман, дури и министерот почувствував дека е за амандманот, меѓутоа бара форма и начин како и на кој начин истиот да биде реализиран. Да не се доведеме во апсурдна ситуација на крајот сите 120 пратеници да бидат за овој амандман, а гласањето да биде поинакво. Не знам дали е можно технички предлагачот на амандманот и министерот да ги усогласат своите ставови и за почеток да се определи висината која што ќе биде определена во новиот буџет. Замолувам навистина за разбирање во делот на оние пратеници кои што не беа овде дека ако веќе даваме поддршка на овој амандман, така и ќе гласаме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** За да не му биде нејасно на господинот Ќуркчиев, јас јавно ќе кажам дека овој амандман нема да го поддржам. За разлика од многу дискутанти досега јас се согласувам дека ова е важна тема, меѓутоа господине Ќуркчиев, не се согласувам дека е исклучително важна тема како што вие кажавте. Ако се обидеме да направиме приоритетна листа на проблеми во Република Македонија, овој проблем веројатно ќе биде на 5000-то место. Да, во ред, држат аргументите кажани и од вас и од другите колеги и посебно од колегата Слободан Најдовски дека функционалноста на пратениците е доведена во послаба позиција, дека може многу повеќе да се сработи итн. И држат аргументите, меѓутоа ова е 5000-ти проблем во приоритетната листа во Република Македонија за решавање. Јас ќе ве потсетам уште на неколку работи дека во еден од законите, дали Изборниот законик, или Законот за локална самоуправа, единиците на локална самоуправа имаат обврска да обезбедат простор за работа на пратениците од таа општина. И би ве потсетил дека начинот на кој што ќе работи Собранието во смисла на функционалноста зависи од сите нас 120 пратеници. Ако најдеме начин како да ги организираме седниците, ако најдеме начин како да бидеме поефикасни, тогаш ќе имаме многу повеќе слободно време да контактираме со граѓаните.

На крај јас сакам да изразам огромно незадоволство што по амандман кој што се однесува за проблемите на пратениците зборуваме половина ден, а веројатно по многу други амандмани кои што ќе се однесуваат за проблемите на граѓанте ќе зборуваме по 5 минути, или воопшто нема да зборуваме.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван колега, навистина имам разбирање за сето она што го кажавте, меѓутоа немам разбирање, или збунет сум со она што го кажа координаторот на вашата пратеничка група и дискутантите, односно колегите кои што седат околу вас. И тие ги употребија истите зборови дека се работи за исклучително важна тема, или уште поточно би парафразирал сето она што го зборувавме ние пратениците во ходниците за време на нашата пауза, кога еден наш колега праша, ако веќе Владата обезбедува компјутери за сите ученици, може ли по еден компјутер да добијат и пратениците, бидејќи и претседателите на комисиите имаат компјутери од 1997 година.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе. Јас сакам да се придружам на пратениците кои што сметаат дека станува збор за исклучително важна тема. Сакам да се приклучам на оние пратеници кои што сметаат дека ние зборуваме за привилегии, затоа што навистина зборуваме за основни услови за извршување на функцијата пратеник. Мислам дека таа дебата треба да почне, можеби и не да заврши во овој мандат, ама во име на сите наредни пратеници кои што ќе бидат избрани во Собранието на Република Македонија да ги застапуваат интересите на граѓаните, мислам дека треба да се отпочне да се дискутира за тоа што се е потребно, се разбира за минимум основните услови за функционирање на еден пратеник. Тоа го кажаа добар дел од моите колеги. Нашето искуство како пратеници од претходниот мандат покажа дека активноста на НДИ, или проектот на НДИ за отварање на вакви канцеларии во општините од каде што сме избрани функционира одлично и дека е поздравен практички од сите граѓани кои што не посетија тогаш. Како резултат на тие средби се произлезени многу предлози, амандмани, многу законски решенија, многу иницијативи, многу пратенички прашања, на тој начин сме успеале многу пати и покрај тоа што сме биле дел од парламентарното мнозинство да направиме притисок врз министрите и врз Владата да се корегираат одредени одлуки, или решенија кои што Владата ги предлага. Мислам дека е суштински за еден пратеник да може потполно да си ја изврши својата функција е да ги има на располагање барем основни услови за функционирање кои што ги имаат, да речеме некои раководители на одредени сектори во некои министерства.

Ако одиме по приоритетна листа, јас за тоа секогаш сум се залагала. Јас очекував и овој Предлог буџет да биде буџет на приоритети, а не буџет на желби и на популистички мерки. Тогаш, ако е тоа навистина така, дозволете, меѓутоа јас не можам да прифатам за Владата, или за парламентарното мнозинство да биде приоритет да плаќаме надоместок на трошоци за одржување на имотот во странство на министрите кои што доаѓаат од надвор, а кои што ги донесуваме заради тоа што ги квалификуваме како експерти, затоа што нема добри експерти во Македонија, па мора да увезуваме. И покрај се, згора на се да им надоместуваме за нивните трошоци за одаржување на нивниот имот во странство, а Парламентот ги бира, а да не биде приоритет основните услови за работа на пратениците. Дозволете, меѓутоа, тоа никогаш нема да го прифатам кога веќе ја почнавме дебатата за приоритетни цели. Поготово нема да прифатам ако еден пратеник кој што е во позиција да ја гласа владата, или да ја поддржува владата, да се става себе си во подредена ситуација, наместо обратно, пратениците се тие што ја вршат контролната улога виза ви владата и не е владата таа што треба да размислува какви услови треба да им создаде на пратениците, туку обратно. Затоа ќе го поддржам овој амандман на господинот Најдовски, затоа што го прифаќам неговото образложение дека Македонија е парламентарна демократија и дека ние нема да можеме да бидеме како држава задоволни од степенот на демократичност се додека Парламентот не се избори за својата вистинска улога во Република Македонија. Се додека Парламентот не се избори за својата уставна позиција, се додека Парламентот не се избори за својата независна позиција да не биде во позиција која што ќе биде подредена од Владата. За жал, особено во овие неколку месеци ние се доведуваме во ситуација кога Владата како извршна власт која што ние ја бираме го става Парламентот во многу непријатна и во подредена положба. За тоа сме зборувале многу пати. Нема да се повторувам, меѓутоа апелирам до парламентарното мнозинство, не само заради дигнитетот на функцијата пратеник, туку и заради нивниот личен интегритет во моментот да смогнат сили да го поддржам овој амандман и на тој начин да покажат дека парламентарното мнозинство и покрај тоа што ја поддржува Владата има сила да изгласа амандман кој што министерот не го поддржал и има сила да поддржи закон и да ја покаже својата независна позиција во однос на Владата, особено кога координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се изјасни дека ваков амандман треба да се подржи. Има решение ако има расположение, ако се смета дека тоа не е ставката во која што треба да се одделат средствата, тогаш има начин како да се најде решение и ваквиот амандман, или модифициран амандман да биде поддржан.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика госпоѓа Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам потпретседателе, јас би сакала да кажам неколку свои забелешки кои што ќе ги насочам на дискусијата на претходната колешка. Имено, не се согласувам во текот на нејзиното говорење рече дека пратениците барем да имаат основни услови

за квалитетно извршување на својата пратеничка функција. Со ова ние пред јавноста што ја следи овој Парламент ќе произлезе дека навистина немаме никакви услови. Јас поддржувам дека не е воопшто неопходно  условите и понатаму да се подобруваат и треба да се подобруваат и она излагање што првично министерот за финансии го кажа дека апсолутно го имаат во предвид тоа и ќе настојуваат на секакви можни начини да помогнат во оваа насока, дали ќе биде во овој момент, или за неколку месеци, или за следната година, сепак да не заборавиме дека ние и за изборите настапувавме со граѓаните, некако контактиравме. И ова што претходните дискутанти кажаа, точно со локалната самоуправа треба да се контактира и тоа држи и локалната самоуправа не верувам дека нема да излезе во пресрет на пратениците онолку колку што може и како што може. Понатаму, не прифаќам дека пратениците се во подредена ситуација, состојба од Владата. Владата буџетот од каде го црпи? Од граѓаните. Парите се од граѓаните. Немојте да се доведеме во моментов во ситуација, граѓаните многу ќе бидат задоволни ние и на улица да им кажеме дека ќе им обезбедиме работа и да создаваат, односно да допринесуваат, да заработуваат и да работат. Јас не велам дека не треба да има услови. И генерално се согласувам дека условите треба да ги има и да одиме да ги обезбедиме, но сепак, да направиме некоја приоритетна листа по која што ќе одиме во реализација на овие наши барања и оние други. Затоа што ние следиме, имаме над 170 амандмани не чекаат понатаму на кои што сепак треба и на нив да обрнеме повеќе внимание кои што се најбитни и приоритетни исто така за граѓаните.

**Иван Анастасовски:** Процедурално господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Потпретседателе, јас се двоумам дали да го повлечам амандманот од едноставна причина што амандманот доби политичка димензија. Но нема да го повлечам од следното.

Заради тоа што дел од пратениците си го покажаа своето лице, на едно место, надвор во ходниците едно зборуваат, друго зборуваат овде. Би завршил со оваа интервенција како предлагач на амандманот, госпоѓа Јакимовска бидејќи имала услови ја повикувам од утре, бидејќи таа е една од тие 20-тина што имаат канцеларии да им ја отстапи канцеларијата на еден од колегите од ВМРО-ДПМНЕ, а таа нека седи по цел ден во клубот и во ходникот нека пишува материјали, за да види како е, бидејќи таа тоа уште го нема почувствувано. Од првиот ден е во канцеларија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Повелете, една минута контра реплика има за пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Јакимовска и јас во претходниот мандат не бев претседател на комисија, делев една просторија заедно со останатите 39 пратеници од пратеничката група на СДСМ. Јас знам како во такви услови сум предлагала закони, нов закон, измени на закони, амандмани и т.н. Друго е да бидете претседател на комисија, ако ништо друго имате просторија своја, ако немате компјутер како што треба или печатар, тогаш барем имате просторија.  Тука можеби има малку подобра ситуација во однос на останатите пратеници.

Ако веќе зборуваме за приоритети и ако се согласуваме сите дека парите се од граѓаните, тогаш очекувам од вас да го поддржите мојот амандман на Законот за извршување на Буџетот каде што се предлага да се избрише членот со кој што Владата сака да ги плати трошоците за одржување на имотот во странство на министрите што доаѓаат од странство. Тогаш на дело да ја покажете вашата определба.

**Иван Анастасовски:** Повелете, три минути реплика за пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** И јас сакам да се надоврзам со реплика на еден дел од говорот на госпоѓа Грковска, каде што употреби еден збор дека со овој амандман ќе биде покажана јачината или силата на едните кон другите.

Мислам дека и таков аргумент може да се употреби, но ако сакаме на некој начин да ја аргументираме потребата од ваков амандман кој што и од предлагачот, а и од многу други претставници, пратеници беше недвосмислено искажано и со самото продолжување на дебатата, како што рече и самиот предлагач на некој начин дебатата зазема една непотребна политичка димензија и поларизација која што е на штета на амандманот.

Имено, јас мислам дека таков амандман не треба да се сфати дека некој губи  и некој добива, туку дека е во функција на функционирање на Парламентот и на парламентарната демократија каде што секој си има свое место, а идеата на предлагачот се надевам е дека на некој начин да се прицврсти улогата на пратениците и нивниот комодитет за реализација на ингеренциите и дејностите што тие треба да ги извршат. Од таа гледна точка во секој случај овој амандман треба да се прифати како нешто од кое што сите добиваат и мислам дека ни тие што претставуваат мнозинство ни опозицијата, да се воздржиме од зборови кои што не ставаат во спротивставени позиции затоа што целта е навистина да се зајакне капацитетот на Парламентот, а со тоа и на поединецот и пратеникот, за што Владата не треба да има против.

Имено, таа може да се изјасни против поради калкулациите од Буџетот, што можеби од нивни сознанија произлегува, но сепак пратениците треба да го сфатат тоа како една добитна ситуација за сите во функција на парламентарната демократија, во функција на промоција на правите можности што треба да ги користат пратениците и не е некој против некого или некој ќе добие, некој ќе губи.

Мислам дека не треба да се извитопери идеата ниту целта на овој амандман. Јас повикувам на

едно размислување затоа што мислам дека од гласањето на овој амандман ниту некој ќе добие ниту некој ќе губи, сите ќе добиеме. Затоа ние ќе го поддржиме и ги повикуваме сите да го гласаат поради овие причини. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе на Собранието, почитуван министре, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

За мене овој амандман беше амандман кој што сметав дека ќе помине многу лесно помеѓу нас пратениците, меѓутоа доби димензии од широки размери во кои што слушаме дека некои ќе изгубат, а некои ќе добијат. Јас би се надоврзал на последната дискусија односно реплика на господинот Положани кој кажа дека тука нема кој да изгуби, нема кој да добие. Тука ќе добијат сите пратеници од овој состав и пратениците од идните состави на Република Македонија.

Овој амандман не е за нас, само за овие 4 години и потоа дека ќе згасне. Овој амандман ќе се однесува и на наредните генерации-парламентарци кои ќе седнат во овие клупи, ќе имаат услови за работа.

Како пратеник од опозицијата сакам да изнесам неколку податоци и факти зошто е потребно еден пратеник да има канцеларија за успешна работа за остварување на своите програмски цели кои ги изнесувал во својата кампања.

Јас сум пратеник од изборна единица број 3 и покривам регион повеќе од 70 илјади жители кој што се наоѓа на оддалеченост од 70-80 километри од населеното место Кочани. Како да комуницираме со граѓаните? Како да комуницираме со гласачите?

За илустрација, во Кочани добив 10 илјади гласови и во околината и ако ги поделиме на 4 тоа се 2500 фамилии. Тие 2500 фамилии ако имаат 5% потреба да се обратат до пратеникот за кој го дале својот глас, сметам дека треба да се остварат нивните права, кажете ми како да ги прими. Нашите места на живеење се оддалечени повеќе од 100-тина километри од Скопје. Ние не живееме во Скопје. Ние работиме таму каде што сме избрани. Дојдени сме тука само на пленарни седници а преостанатиот дел го поминуваме со нашите гласачи од родните места. Затоа е неопходно да имаме барем едно катче каде што можеме да ги примиме нашите гласачи.

Некој спомена дека сме имале повеќе од 60 пропуштени повици во текот на денот. Можеби 60 се и малку за пратеник од позицијата, но за пратеник од опозицијата еден пропуштен повик е многу. Тие пропуштени повици не значи дека може да се комуницира само преку мобилен телефон, туку можеме да комуницираме преку нашите технички лица кои што ќе бидат вработени и кои што нема да бидат на терет на социјалата. Кога ќе ги земеме тие средства кои што се предвидени во социјалата, ако се дадат на асистентите, како што стои во амандманот средствата ќе бидат помали за алиментирање на овој амандман.

Во претходниот состав МБА имаше обезбедено канцеларии и опрема за пратениците. Тоа се покажа како успешен проект и сметам дека и ние сега чукаме на вратите на МБА, меѓутоа, тој проект мислам дека во иднина нема да се имплементира. Зошто тогаш не му се овозможи на еден пратеник и од опозицијата и од позицијата да има услови за работа. Можеби во помалите места ќе се соберат и повеќе пратеници и од позицијата и од опозицијата да имаат свои канцеларии каде што ќе примаат по два асистенти и кои што ќе работат со помали трошоци. Меѓутоа сметам дека овие заложби и на подносителот на амандманот и на поголем број пратеници се исти. Сите сакаме да имаме свои простории, сите сакаме да имаме простор за комуникација со гласачите, а фактички никој не смееме односно позицијата не смее да каже дека на нас ни се потребни такви простории и вие од Владата треба да ни го обезбедите тоа.

Сакам да потенцирам и една друга работа.

Каков ние ќе се претставите, Владата вели имате извештај кој што ќе го имплементирате и пред нас и пред граѓаните за да ја промовирате работата на Владата, воедно ја промовирате и Република Македонија. Како јас да дадам отчет на моите гласачи зошто гласале за СДСМ и за мене. Кажете ми начин, кажете ми како ние сето тоа да го спроведеме. Многу е лесно да се биде власт. Лесно се створаат услови каде да ги примите луѓето. Зборуваме за локалната самоуправа. Локалната самоуправа во градот од каде што доаѓам нема услови да ни обезбеди канцелариски простор. Таква иницијатива имаше од пратеници и од позицијата и од опозицијата. Не е тоа само за мене како пратеник од опозицијата. Тоа е и за пратениците од позицијата. И тие имаат потреба. Затоа сметам дека овој амандман треба да го поддржиме. Треба да го поддржиме во интерес на граѓаните на Република Македонија, треба да го поддржиме во интерес на идните пратеници кои што ќе седнат во овие клупи. Знаеме дека ние не сме вечни, дека ние нема да седиме цел живот во овие клупи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Катерина Димеска.

Повелете, имате три минути.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Да бидам искрена, не мислев да реплицирам, меѓутоа, мојата реплика ќе биде кратка.

Мислам дека несериозно е од нас пратениците овде да дебатираме за овој амандман половина ден. Амандманот е јасен - средствата кои што се предлагаат со овој амандман се јасни. Граѓаните кои што не избрале не избрале и за многу други работи. На почитуваниот колега сакам да му реплицирам во следното.

Имено, во неговото излагање кажа дека 60 повици за пратеник од власта се можеби малку, а еден повик за пратеник од позицијата е многу.

Почитуван колега, секој повик на граѓанин е битен затоа што ние овде во парламентарниот Дом сме токму од гласовите на граѓаните, дури и еден од опозиција, од власт, не е битно, граѓанин на Република Македонија очекува од нас подобрување на животот на граѓаните, очекува од нас стварање на услови државата да функционира поинаку и затоа ќе ве замолам во насока на она што е пред нас, 170 амандмани кои што ги имаме за разгледување да скратиме со овие непотребни дискусии. Се изјаснивме и да се изјасниме по однос на амандманот. Кој сака да гласа за, кој сака нека гласа против, меѓутоа навистина непотребно дискутираме по овој амандман толку долго време, затоа што навистина имаме многу амандмани.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Сигурно колешката пратеник погрешно ме разбрала околу тие 60 повици за и еден многу малку, меѓутоа не знам што и е јасно на колешката. Дали и е јасно дека ние не треба да имаме канцеларии, дали и е јасно дека не треба да комуницираме со граѓаните и дали и е јасно дека ние треба да седиме во овие клупи и да преспиваме во Скопје за да ги поминеме сите работи глатко и едноставно без да го слушнеме гласот на граѓанинот.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Најпрво дозволете ми да изразам искрено жалење што вчера, синоќа не успеавте да се сретнеме, но тоа е, што да правиме, поддршката е таа. Очигледно дека измените што ги предвидувате во здравствениот сектор не ви одат во прилог и треба Владата да размисли до тогаш можеби да ги повлече и повеќе среќа да има опозицијата за такви средби.

И овој амандман е уште еден пример на конфузната ситуација и контрадикторноста во која се наоѓаме и ова Собрание работи, така да пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ вели дека е ова 5000-от проблем во државата, друг вели дека е најбитниот проблем во државата, јас сметам дека не успеавме во овие 15 години да наметнеме еден поинаков однос на Собранието кон Владата и нема да ми се налути се надевам, господинот Поповски, единствена шанса имавме тогаш кога тој беше во одреден период претседател на Собранието, но , за жал, по одењето во Владата повторно Собранието ја изгуби моќта или онаа институционалност што му следува да се постави како мориторинг не само посебна власт, и највисока власт и да добие вистински мониторинг на работата на Владата.

Јас сум еден од потписниците на амандманот или на законскиот проект кој што сакавме во минатиот состав да го направиме, локалната самоуправа да биде обврзана да обезбеди услови на пратениците, но за жал бидејќи ни беа потребни две третини за тој закон, тој законски проект не помина. Ние не ја имавме таа среќа како пратеникот Виолета Тошева да сме од иста партија како градоначалникот на Центар, па да може во Центарот за информирање, кој што е за сите граѓани и тој да може да прима граѓани и не секогаш пратениците од опозицијата или пак ретко може да добијат услуги од страна на градоначалникот кој што можеби е од друга политичка партија и обратно. Не сакам да бидам едностран во овој пример. Мислам дека и други градоначалници, од други партии не се толку расположени да отворат канцеларии за пратеници од други политички партии. Секогаш ќе водиме вечна борба овде меѓу Владата и Собранието да обезбедиме подобри услови за работа во Собранието.

Не можам да ги разберам оние пратеници што мислат дека сите пратеници имаат услови за работа, затоа што сите знаеме дека освен претседателите на комисиите и координаторите другите пратеници иако се во професионален работен однос во Собранието немаат услов каде не да примаат граѓани, да прочитаат документ, а камо ли да напишат некој амандман или пак некој законски проект. И лошо е кога сакаме да ја искривиме реалната слика во која што се наоѓа ова Собрание цели 15 години на македонската пуларалистичка сцена. Затоа ќе гласам за поддршка на овој амандман, иако го разбирам и министерот кој што можеби изразува резерва како се трошат парите во Собранието имајќи го во предвид текстот денеска што го читаме во “Вечер”, а тоа е дека Собранието потрошило 10.000 евра за изработка на законски проект при што 2.500 евра добил и вработен во Собранието. Со 10.000 евра тоа е платата на еден пратеник годишно. Не знам по која одлука и по која основа Собранието одвојува 10.000 евра за изработка на еден законски проект кој дојде како предлог од еден пратеник. Тука го разбирам министерот дека тој изразува скепса и резерва како овие пари, кои што ги има Собранието на располагање некој мисли да ги троши. Затоа не верувам и дека ќе ги прифати и оние следни амандмани каде што со огромни суми се бара од Собранието каде што е неизвесен начинот како тие средства ќе се трошат. И да не го доведуваме министерот во непријатна ситуација и тука да не му даваме премногу политичка конотација на нешто што е неминовност, нешто што мора да се направи, што мора да го ставиме во законска рамка додека не си мислиме на обезбедување на услови на сите, тогаш сите ќе бидат незадоволни, пред се, граѓаните ќе бидат незадоволни и сите пратеници, без разлика позиција, опозиција. Тие сакаат да комуницираат и со претставниците на позицијата и на опозицијата.

Доколку немаат можност да ги искажат своите проблеми, а рековме дека тоа е најбитно, да ги слушнеме граѓаните што мислат, тогаш ќе бидат

сите незадоволни и нема да претпоставаат дека тоа важи за 12 или 15 пратеници кои се претседатели на комисии и имаат услови, но не важи за сите.

Затоа, ќе гласам за вој амандман, ќе го поддржам претеникот Слободан Најдовски во неговата идеја во целата експликација или образложение дадено за амандманот и да ги разуверам оние што мислат дека премногу зборуваме за овој амандман, дека има и побитни проблеми, не грижете се, за другите амандмани уште повеќе ќе дискутираме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Реплика три минути за пратеникот Виолета Ташева. Повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив да реплицирам заради тоа што беше споменато моето име од господинот пратеник Јани Макрадули. Би напоменала и би потенцирала дека ние битно се разликуваме ВМРО-ДПМНЕ и мнозинството во овој Парламент економските реформи кои се добробит за граѓаните. Личните бенефиции не ни се приоритет. А доколку пратеникот се обратил во општината, јас не верувам дека нема да има слух за неговата потреба околу овозможување услови за контакт со граѓани. Тоа само требало да го направи, а не да критикува и да бара причини за да укажува овде јавно на неправилности кои воопшто ги нема и не постојат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута процедурално пратеникот Весна Бендевска.

Повелете да видиме во што е прекршена процедурата.

**Весна Бендевска:** Во интерес на конструктивната работа на ова Собрание и во контекст на репликата на претходната госпоѓа, ве молам никој од нас повеќе да не ги спомнува единиците на локална самоуправа како можно решение на овој проблем. Лично јас по писмен пат имам доставено до градоначалникот на општина Битола барање, до ден денес не ми е одговорено и нема таква намера. Значи ве молам, намојте да ја насочувате дискусијата кон единиците на локалната самоуправа. Апсолутно не постои ниту волја ниту можност да се реши проблемот со канцелариските простор за пратениците. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам, но ова не беше некоја процедурална забелешка.

Продолжуваме понатаму и контра реплика има пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** СДСМ е во големо исчекување на законските проекти од економската сфера, и не само ние туку и сите граѓани на Република Македонија, и се надеваме дека кога ќе ја завршиме 2006 година само со еден економски закон, 2007 година ќе имаме повеќе среќа не само Владата, туку пред се граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика е во еден дел реплика, во еден дел дополнување и според Деловникот имам право на тоа, како дополнување на дискусијата на пратеникот Јани Макрадули во смисла дека со дел од неговата дискусија се согласувам. Тоа е оној дел кој е јасен и со кој сите ќе мора да се согласиме дека статусот и условите за работа на пратениците не можеме да ги решиме со амандман на буџетот на Република Македонија. За тоа треба законски основи и законско решение, веројатно во Законот за пратеници и во оваа ситуација, иако кога зборуваме за Законот за пратеници не е присутен министерот за правда, меѓутоа тука е министерот за финансии, целата Влада и ние како припадници на владеачкото мнозинство во најкраток можен рок, во координација со останатите колеги ќе предложиме и можеме да разговараме да предложиме промени во Законот за пратеници, каде ќе се дефинира прецизно на кој начин ќе се обезбедат услови за работа на пратениците во местата каде што се избрани, за контакт со граѓаните кои се нивни избирачи, затоа што овој амандман ако го гледаме само како амандман, прво како што кажа министерот, одзема средства од ставка судски решенија, кои ќе паѓаат на товар на сметка на Владата и владините служби. Тоа е помал проблем. Но поголемиот проблем е што не можеме со образложението на амандманот, каде почитуваниот колега Најдовски навистина се погрижил да даде едно образложение со бројки, тоа е доста палијативно и не е усогласено, не е пропишана постапката, начинот и контролата на трошење на тие средства.И тој самиот знае дека решение за тоа е интервенција во Законот за пратеници, со која ќе биде предвидено и отворање канцеларија за пратениците и овозможување технички лица кои е ја опслужуваат нивната работа за контакти со граѓаните, па сите овие средства што би биле неопходни за функционирање на таква канцеларија да се обезбедат, а потоа врз основа на тие законски измени можеме во наредниот ребаланс на буџетот, кој веројатно ќе го има во јули, но и да го нема ќе побараме да го има, да се предвидат средства за овие канцеларии. Минситерството за финансии врз основа на зкон кој што е овде усвоен ќе може да предвиди средства за работа на пратениците во пратеничките канцеларии. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Ме радува што иако не ветија во преродбата во 100 чекори, слушаме дека ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи закон за пратеници. Не може да има измени на законот, бидејќи Уставниот суд го укина по барање на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ беше против таков закон

за пратеници и ме радува што иако не ветија, гледам дека сега ќе го предложат и верувам имаат мнозинство и да го донесат тој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи уште пет пратеници се пријавиле за дискусија, би замолил да се придржуваме до амандманот кој го има предложено колегата Слободан Најдовски, за да видиме на крајот дали ќе добие шанса во Собранието ако некој го наметнува како приоритет. Ова е моја молба, барем да дојдеме до чинот на гласање и да видиме дали навистина ќе добие шанса, а би ги замолил колегите да се придржуваат до амандманот што го разгледуваме.

Му давам збор на пратеникот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Овој амандман на колегата Слободан Најдовски заслужува да биде поддржан и заслужува посебно да биде поддржан од нас пратениците, затоа што ги открива работите во една друга димензија за вистинската положба на пратениците. Мој впечаток е дека веќе подолго време тоа е пракса во Република Македонија, без разлика на тоа кој е на власт, значи ова го говорам со полна одговорност и за времето кога СДСМ ја предводеше Владата, значи и јас кога бев пратеник на парламентарно мнозинство, впечатокот е дека извршната власт ги инструментализира пратениците во политичка гласачка машинерија. Тоа е веќе добро познато меѓу пратениците, се шушка во ходниците што говори колегата Најдовски, меѓутоа, пратениците немаат храброст-тоа важи и за нас, и за мене, да го кажат овде пред јавноста на говорница. Посебно тоа важи и за нас, значи ова е и самокритика, за оној период кога ние бевме парламентарно мнозинство, да не бидеме погрешно сфатени.

Со овој амандман пратениците не бараат ниту привелегии, ниту бараат луксуз. Со овој амандман се бара од буџетот, од Владата да се обезбедат неопходните услови за елементарно функционирање на пратениците за онаа работа која им ја довериле граѓаните кои ги избрале, а тоа е токму приоритетот да се сретнуваат со нив и да им ги решаваат проблемите. И овде се доведуваме во еден парадокс, Владата вели нема пари за тоа. Добро, нема пари, после ќе кажам зошто и од каде може да има пари, затоа што многу што не заслужуваат ги трошат тие пари и ако поинаку се распоредат, ако подобро се организираат некои работи во буџетот, дури и ќе останат пари, мислам подомаќински. Ако секогаш пратениците, зборувам во принцип и не мислам само на оваа власт, треба да бидат не само гласачка машинерија на извршната власт туку треба да бранат некои постапки на поединци од извршната власт, што можеби лошо работеле, да бранат нешто што не се брани и се во името на некој политички интерес, зошто тогаш пратениците да не бидат соодветно третирани од извршната власт. Ако е тоа така и ако извршната власт сака од себе да го амортизира притисокот на јавноста и да го пренасочи на пратениците, мислам дека пратениците треба да го кренат својот глас и да ги кажат работите онакви какви што се. Тогаш нека земат, почнувајќи од министрите кои имаат кабинети, имаат коли, имаат репрезентации, имаат сметки во кафеани и ресторани, имаат неограничени сметки на мобилните телефони и сите ешалони под министрите, почнувајќи од нивните заменици, државните секретари, некои директорчиња, началничиња што ги имаат овие привелегии, шефови на кабинети и тн., нека земат тие да ги примаат граѓаните и тие бидејќи ја имаат улогата на власта, реалната власт, реалната моќ, го имаат потписот, ја имаат можноста да одлучуваат за проблемите на тие граѓани, нека си ги преземат граѓаните и тие нека ги решаваат проблемите. Зошто тогаш граѓаните, извршната власт ги препраќа на пратениците, а работа на пратениците е да дебатираат политики и да носат закони. Реалната можност да им помогнат на граѓаните ја имаат претставниците на извршната власт. Зошто извршната власт постојано се задскрива зад пратениците? И до кога пратениците ќе се однесуваат послушнички, да не речам поданички во одредени ситуаци спрема извршната власт. Разбирам дека кога се работи за определена партиска политика да се спроведува и сето тоа, меѓутоа, кој е тој министер, сме имале многу ситуации, кој кога ќе се заинатик ќе наложува на пратениците како треба да гласаат затоа што законот немало да помине или одреден член од законот. Говорам како пример, а имало такви ситуации, сте имале и вие во овој краток период, сме имале и ние.

Го повикувам министерот како најодговорен за буџетот, ја повикувам Владата да си ги преиспитаат сите расходи и трошоци дали се основани, дали се оправдани, дали се потребни за нивните заменици, за нивните шефови на кабинети, за нивните државни секретари, за директорите кои ги поставува Владата. Да видиме дали тие самите од џеб си го плаќаат бензинот, мобилните телефони, сметките за репрезентација, за ручеци и пијалаци по кафеаните. Или дали може да каже некој дека на пратениците овде во Собранието или надвор некаде некој м го плаќа кафето или ручекот, или дали на пратениците некој им го полни резервоарот од возилото со бензин. Не. Сите тие благодети и луксузи и неоправдани привелегии на сметка на грааните ги уживаат претставниците на извршната власт, која и да е. Така било и во времето на СДСМ и сега. Затоа пред малку реков кога реплицирав на министерот, за жал, лошите навики се учат многу брзо. Нека каже некој кои привелегии ги имаат пратениците. Никои. Пратениците земаат плата која ја заработуваат, за која овде дебатираме по закони, партиски ставови, што е сосема легитимно, овде е местото каде што треба да се води политика, дебата,

демокраски дијалог и тн. За тие наши ставови што понекогаш не се и лични, што понекогаш се и партиски, тога е легитимно, ние ги претставуваме и партиите и стоиме зад тоа, некогаш се соочуваме и со непријатности од нашите гласачи и нашите поддржувачи, а камо ли од нашите опоненти, па сме доведен во ситуација да не нарекуваат вакви или онакви, да не нарекуваат на улица предавници, криминалци или не знам што. Дека нам ни е овде многу удобно во нашите фотелји, а оние што се во пониските ешалони на извршната власт, далеку од очите на јавноста анонимно да си уживаат во благодетите и да ги трошат неоправдано парите на граѓаните. За тоа треба оваа Влада да се погрии и затоа се чудам, ако овој амандман зависи од пратениците од парламентарното мнозинство, опозицијата ќе го поддржи овој амандман, на вас ќе ви доаѓаат граѓаните, ќе ви се жалат оправдано или неоправдано за работи за кои можете или не можете да им помогнете на регуларен законски и процедурален начин, меѓутоа, вие лично како пратеници ги немате тие ингеренции, законски и уставно. Вие ќе треба како пратеници да ги бркате вашите претпоставени, условно речено претпоставени, затоа што самите се замислуваат дека се такви, од извршната власт, кои нема да ве примаат или ќе ве примаат, или ќе имаат или ќе немаат време, преоптоварени со важни државни работи, секогаш заборавајќи ги проблемите на обичните граѓани кои ги избрале и кои треба да им бидат сервис и слуги на граѓаните и вие како пратеници ќе треба да се обраќате и да се понижувате, да чекате во ходниците да ве примат вашите министри. А замислете, некој обичен граѓанин дали ќе може да дојде до некој министер. Пратениците ќе треба да бидат блиски со народот, а министрите и сите други ешалони пониски од извршната власт, тие ќе бидат безбедни и далеку од граѓаните да не го собираат гневот на граѓаните. Така веќе не може заради тоа што тоа е виртуелен начин на сфаќање на демократијата. Затоа, мораме да ги погледнеме работите со вистинското име и презиме и од лицето и од опачината и искрено и отворено овде да ги кажеме проблемите. Затоа, пратениците треба да добијат услови за работа и да го добијат тоа, сето ова што го говорев останува како обврска на извршната власт. Не значи дека функцонерите на извршната власт ќе бидат амнестирани од тоа. Напротив, ќе треба да си го преземат и тие нивниот дел од одговорноста пред граѓаните.

На крајот да ве повикам уште еднаш како колеги пратеници, не се обраќаме сега до Владата, оваа работа сега не зависи од Владата и од министерот, зависи од вас како ќе изгласате, затоа што добро рече пратеникот Најдовски, во ходниците ќе покажуваме солидарност, меѓутоа, овде ќе се плашиме од сопствените партиски надредени функционери во извршната власт. Затоа, мислам дека прво треба да се почитуваме и да се почитувате самите себеси, да тргнеме од себе како пратеници, затоа што ако не се почитувате самите себеси извршната власт ќе си ги гледа нивните интереси, нивните позиции и нивните привелегии, а не за вашите проблеми и за нашиот и ваш заеднички статус. Не само статус, туку таа обврска како статус како пратеници е онаа обврска што ја имаме пред граѓаните. Говориме за тоа.

Колега Витанов, сакате да прашате колку е часот? Сеуште не е ограничено времето за дискусија. Ова не беше реплика, туку дискусија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Реплика за пратенкот Зоран Витанов. Повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам краток, тоа повеќе не е реплика на дискусијата, бидејќи во голем дел со дискусијата на Кондарко и јас се согласувам, меутоа, реплика до пратениците. Многу пати нешто е кажано по пет-шест пати. Еден ден седење во Парламентот и работење во Парламентот чини барем 300-400 илјади денари. Овде зборуваме за амандман и веројатно 1% од тие пари веќе потрошивме со празни дискусии. Апелирам или да се повлечат од дискусии тие кои што планираа да дискутираат, или ако имаме нешто ново да кажеме, да го кажеме тоа. Тоа што покажував на часовникот е да се сети господинот Кондарко дека пола од аргументите што ги кажа, со кои патем да кажам дека се согласувам, веќе беа кажани. Значи да внимаваме на времето и да покажеме на дело дека сме ефикасни, го цениме денарот на оваа држава и можеме поефтино и поефикасно да работиме.

**Бесим Догани:** Благодарам за конструктивните идеи. Сосема се согласувам со вас господине Витанов. Иа јас би го побарал истото од пратениците, ако се согласуваат.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги.

Се искажаа многу поплаки за положбата на пратениците во овој Парламент. Меѓутоа, претпоставувам дека сите ние кога сме се кандидирале  сме знаеле во кои услови работат пратениците и претпоставувам дека тие услови ни изгледале подобри одколку условите во кои инаку сме работеле на своите работни места.

Точно е дека во Парламентот има недостиг на простор и персонал. Јас тоа го говорев и минатиот состав, 4 години одприлика, од разни нивоа, на разни стручни советувања сум го искажувала тоа и сум се залагала да се смени таа состојба. Во тој контекст мислам дека положбата на пратениците воопшто не е “потрагична” од положбата на вработените во Собранието кои, според мое сознание се во далеку, далеку полоша состојба и во полоши услови работат.

За сите овие прашања, за жал, немаше слух во претходниот состав на Владата и јас очекувам дека во овој мандат Владата ќе има слух за овие прашања. Тоа можам да го заклучам од дискусиите на моите колеги од парламентарното

мнозинство, но и од дискусијата на министерот Трајко Славески кој искажа разбирање за реалните проблеми со кои пратениците се среќаваат. Но, прашањето е кога тоа да се направи. Се разбира, сите ние би сакале сите проблеми да се решат веднаш. Меѓутоа, јас лично не верувам дека овој Буџет е во состојба да се растегне и за оваа ставка и за овие потреби, затоа што на сите ни е јасно дека оваа година Буџетот е рестриктивен. Повеќе даноци се намалени и сето тоа е направено тргнувајќи од стратегија за долгорочен економски развој на земјата. Во такви услови скратено е на многу места, а овдека кај нас не е скратено ништо за парламентарците, едноставно не е додадено или не може да се додаде нешто што веројатно би ја подобрило нашата работа.

Инаку, ние како политичари ссе среќаваме речиси секојдневно со ситуацијата да избираме со кој приоритет да тргнеме, по кој пат да тргнеме. Секогаш има повеќе проблеми, повеќе барања, повеќе прашања и како политичари треба да направиме листа на приоритети и според неа да одиме.

Дозволете колеги, може некој повторно да ми замери за популизам, меѓутоа јас она што го мислам ќе го кажам повторно. Мислам дека во нашава држава има многу други приоритети на кои како пратеници би требало да обрнеме внимание. За мене приоритет е да има леб за секого. За мене приоритет е да се реши проблемот на граѓаните во Рамнина каде земјиштето тоне. За мене приоритет е да се реши и да се доврши планираниот проект за истекот на јаловината во рудникот САСА. За мене приоритет е откупот на тутунот итн. Има многу работи кои по мое мислење се приоритет пред ова барање кое овде се бара.

Значи барањето за подобри услови на пратениците е легитимно, има потреба, меѓутоа дефинитивно не е приоритет во овој момент, во овој Буџет за тоа да се гласа. Значи јас не сум против, меѓутоа во овој момент не можам тоа да го поддржам. Мислам дека пред тоа треба да помислиме на некои други работи.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави прво господинот Слободан Најдвоски а потоа Агрон Буџаку.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине потпретседателе, дами и господа,

Ќе се обидам три минути да реплицирам, без оглед што сум предлагач на амандамот, можеби треба и повеќе.

Уште еднаш ќе повторам. Не очекував дека амандманот ќе добие таков тек на расправа.

Втора работа, не очекував дека има пратеници, како што беше г-ѓа Лилјана Поповска која ќе ја изврти суштината на предложениот амандман. Но мене ми е позната нејзината демагогија и тука не сум изненаден.

Амандманот не се однесува на канцеларии овде во Парламентот. Прочитајте го амандманот. Не е тоа за што вие дискутиравте. Амандманот се однесува за функционирање на пратенико. Една од главните работи е на пратеникот да му се овозможи да контактира со граѓаните. Госпоѓа Поповска го немала тој проблем, да знае како е во Битола да одржиш трибина, бидејќи треба да платиш 7.000 денари. Пратеник кој не исполнува нечии нализи, тоа не може да го оствари. Затоа госпоѓа Лилијана Поповска може да го оствари. Таа немала проблем 50 нејзини бил-бордови да стојат цела година овде во Скопје, насмеани и за тоа некој платил. Но, за тоа сега госпоѓа Поповска е должник. Затоа влезе во Влада и е должник на тие луѓе што ја спонзорирале, на еден или на друг начин. Или ќе му даде функција, или ќе му даде тендер. Затоа, госпоѓа Поповска и сите други пратеници да не бидат условени од никого. Воопшто тоа не беше намерата на овој амандман.

Еден од начините да се спречи корупцијата е токму и тоа. Сега јас сум убеден, јас знам дека сите оние кои ви ги плаќаа билбордовите во изминатиот период, затоа што ви требаше и тоа е добро да се рекламирате. Кого ќе го убедите дека тие ја поддржувале идејата, па спонзорирале. Ве молам, помина тоа време, немојте да се лажеме. Затоа овој амандман е еден од начините за борба против корупцијата, затоа што сега сите тие што ве финансирале во изминатиот период, како пратнеик, било кој, посебно сега од парламентарното мнозинство, треба да му бидеш должен. Ве молам затоа немојте да го извртувате амандманот. На крајот на краиштата, госпоѓа Поповска се познаваме премногу добро. Зошто кренавте паника тогаш, единствена бевте овде како пратеник што плачевте за канцеларија. Зошто сега направивте проблем во пратеничката група на СДСМ и други, тие што се по еден пратеник да им се даваат канцеларии. Доста е со демагогии. Затоа реков не очекував дека амандманот ќе предизвика ваква дискусија, имајќи во предвид дека и во своето образложение на амандманот, воопшто не сакам да предизвикам меѓусобни конфронтации на пратениците. Мојата цел е со амандманот да се зајакне функцијата пратеник, да се зајакне парламентарната демократија во Република Македонија. Ако не друго, барем имам искуство, бидејќи некои рекоа трет мандат ми е, можеби некогаш сум грешел, но сега сакам да зајакне функцијата на пратеникот. Немојте, нема потреба со демагогија да се оди, бидејќи граѓаните ќе сватат кој знае за колкави пари се работи. Се знае, се работи за 30.000 денари, за почеток да видиме како ќе функционира. Ќе се донесе правилни кој ќе го усвои претседателството на Собранието со сите координатори на пратеничките групи каде точно ќе се знае, ако има телефон 700 денари Собранието ќе му ја плати сметката за телефон, ако овој месец, да речеме некој пратеник испратил 1000 писма до свои бирачи, Собранието ќе му ги плати, но лимитот ќе биде ограничен. Не може да добие пари во готово за тоа. Затоа

молам да не ја прошируваме дискусијава надвор од амандманот. На оние што им беше жал и за Рамнина и за се, се виде, затоа што сега некои пратеници што сме од стариот состав се сеќаваме колкава беше жалта за инвалидите и форсирање на законот што во претходниот Парламент се предлагаше и требаше да стартува од 1 јануари 2007 година, но тој закон сега госпоѓа Поповска, не го предложивте за да стартува од 2007 година. Ве молам, мразете ме колку сакате, но немојте да зборувате и против другите пратеници затоа што овој амандман е поднесен од мене, па да ја искривите сликата за целиот амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи предлагачот, господинот Најдовски го искористи својот говор како реплика, тогаш има право на контра реплика Поповска Лилјана.

**Лилјана Поповска:** Господине потпретседателе, мене ми е навистина жал зошто колегата Слободан Најдовски е толку фрустриран кога се работи за дискусија од моја страна. Мене ми е исто така многу жал што колегата не верува во идеали и не верува дека некој може да работи нешто или да се заложи, или да вложи нешто, верувајќи во некоја идеја. Секој низ своите дискусии и низ своето однесување го отсликува својот карактер и став кон животот. Тоа е право на избор и тука јас немам никаква забелешка.

Инаку што се однесува до оној дел од дискусијата каде реплицираше на мојата дискусија, јас сосема конкретно ќе кажам, јас колега го разбрав вашиот амандман, разбрав дека вие не се залагате за простор, за што јас лично се залагам за простор и луѓе едуцирани кои би можеле да опслужуваат. Многу ми е јасно дека вие барате конкретни средства кои би ги добиле. Значи и тука имаме разлика во приодот. Јас зборувам за техничка логистика, вие зборувате за конкретни средства. Меѓутоа, наше право е да се разликуваме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Макрадули.

Господине Макрадули кажете по кој основ се јавувате за процедурално.

**Јани Макрадули:** Член 90 од Деловникот на Собранието на Република Македонија според кој пратеникот може да биде отстранет од седница доколку употребува изрази со кои се нарушува достоинството на Македонскиот законодавен дом.

Се повикувам на изјавата од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, завчера дистрибуирана. Барам вие да интервенирате кога некој пратеник од мнозинството ќе се обиде да навреди некој пратеник од опозицијата, во овој случај господинот Најдовски.

Јас очекувам дека претседателството на Собранието односно вие, господинот Анастасовски и претседателот Љубиша Георгиевски, на ВЕБ страната на Собранието да го истакнете соопштението со кое ќе го осудите ваквиот говор на пратеникот Лилјана Поповска.

**Бесим Догани:** Ќе го имаме тоа предвид на идниот состанок што ќе го имаме со претседателството.

За реплика се јавува господинот Агрун Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитувана госпоѓа Поповска.

Не дека се уплашив дека навредите ќе излезат на ВЕБ сајдот во Собранието, но не е мој стил да навредувам некого. Ваквите дискусии на госпоѓата Поповска не се за прв пат, имаше и порано и јас реагирав затоа што госпоѓа Поповска секогаш се повикува, без оглед на нејзиното минато, тоа што се случи во изминатиот мандат, се повикува во начело. Овде начелото е да не се трошат, кога има 5.000 приоритети како што рече пратеникот Димовски, но не верувам дека се 5.000 други приоритети. Но, бидејќи госпоѓа Поповска наброја неколку приоритети, каде можат да се потрошат парите, имаме една состојба кога некој овде ќе ја нарече демагогија и популизам, а од друга страна госпоѓа Поповска вели дека е начелна. За да не продолжам со овие навреди и објаснувања, само едно прашање кое ќе ја определи госпоѓа Поповска. Имено, ќе и поставам прашање, каков став има госпоѓа Поповска, доколку Владата на Република Македонија по 100-те дена, според некои податоци троши 170.000 евра за пропагандни цели, а јас не сум слушнал и не сум видел на друго место Владата да пропагира на овој начин. Каков начелен став има госпоѓа Поповска по однос на ова прашање што и го поставив, а нема 5.000 други приоритети за да ги потроши тие пари, а ги троши за пропаганда. Во овој случај пропагандата е партиска. Значи контра репликата постои и за една минута мислам дека има време госпоѓа Поповска да ми одговори. Тоа е едноставно прашање, да каже дали се говори за популизам или демагогија, или се говори за начела. Какво мислење има госпоѓа Поповска по однос на тоа што Владата ги троши сите тие пари, што не е видено во поновата историја на демократијата, Владата по повод 100-те дена да троши толку пари, со сите тие реклами во телевизиските куќи, а знаеме колку тоа чини.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе,

Сакам за многу кратко време да се изјаснам само за две работи во врска со овој амандман, меѓутоа пред тоа ќе го искористам правото, бидејќи беше потенцирано дека овој буџет што се предлага е рестриктивен и затоа треба рестриктивно да се однесуваме кон сретставата. Напротив, мислам дека Буџетот на Република Македонија прилично експанзивно оди напред и дека во услови таква експанзија на јавните финансии се доживува која базира на две работи, прво е на релативно висок проектиран раст на бруто домашниот производ, кој е многу неизвесен, за кој не добивме никакво

образложение, иако неколку пати беше расправано за тоа и второ, проекција за инфлацијата која во буџетот е базирана на 3,5%, кога ќе ги соберете заедно, номиналниот раст го проектира Владата на 10% .

Со оглед на тоа што буџетските приходи и расходи на тој начин растат со стапка од 10%, во услови на фиксен курс на денарот, ние можеме да го загрозиме и курсот на денарот, во тој случај. Мислам дека тоа ќе биде една од големите теми кои ќе се отворат. Уверен сум дека тоа не е рестриктивно, туку дека е експанзионистички однос кон јавните финансии.

Меѓутоа, по повод амандманот, почитуван потпретседателе, почитуван министре, дрраги колеги, сакам на две работи да укажам.

Прво, мислам дека, навистина, условите за работа во Парламентот, иако се отвараат секогаш како колатерален проблем, при расправа за буџет или нешто друго, Парламентот еднаш треба да расправа и да ги реши условите за својата работа. Јас долго време сум, во релативна смисла, во овој Парламент и навистина станува проблем да се функционира, во физичка смисла, во овој Парламент и да се функционира со своите избирачи.

Само да потсетам, во изминатите 30 дена Парламентот одвај два до три работни дена да не работел на пленарна седница, меѓутоа во тие денови пак сме работеле на комисии, што во основа е исто. Сега во каква ситуација се наоѓаме ние, секојдневно добиваме материјали, предлози на зкоани, немаме простории, немаме во своите изборни единици, немаме во оваа канцеларија и постојано сме на заседание во Парламентот. Замислете што се случува кога нас ни преостанува еден не работен дена во Парламентот, во Парламентот не можеме да дојдеме да работиме на закони, на амандмани, треба тоа дома да го правиме, дали да одиме на терен, а ако одиме на терен меѓу своите избирачи, каде тоа да го правиме. Анимузитетот на македонската политичка сцена и помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, а како што гледам во последно време и помеѓу ДУИ и ДПА, другите партии нека не ми замерат што не ги спомнувам,затоа што тоа четирите носители на позицијата и на опозицијата, е толку голем што практично не е можно на теренда се функционира, зависно од тоа чиј градоначалник или совет, или кој е директор на училиштето или на културниот дом, па да ви даде просторија да се сретните со некого. Тој анимузитет ние место да го намалуваме по пат на политичка дебата, па нека биде и остра, за политичките проблеми ние го продлабочуваме на тој начин што тука во самиот Парламент дебатите се уште со поголем анимузитет и само ги потхрануваат луѓето на терен, тоа да не

го овозможуваат. Од тој аголе гледано, во општина каде што сме ние пратеници, кога ќе одиме, културниот дом е недостапен, училиштето е недостапно. Демократски избраниот парламентарец е уставна категорија и треба да симне од Министерството за образование тоа ригидно толкување дека политиката не смее да се одвива во училиштето. Ако пратеник избран од таа изборна единица побара една училница за да се сретне со своите избирачи, не е тоа политика. Тоа е разговор, ако е село за земјоделието, или за самото училиште, некои средства или било што. Тоа обично повеќе ги тангира пратениците од власта затоа што тие можат да реализираа. Овие од опозиција секогаш сме во ситуација да речеме ќе го покренеме прашањето, па дали ќе заврши само од нас.

Затоа мислам дека условите за работа и во Парламентот и ова што го спомна господинот Најдовски, односно што го покренува сега со амандманот вон од Парламентот е нешто што ние напред веќе не можеме да одиме. Импровизациите траеа неколку мандати и доидовме до ѕид. Сега сме во најлошата ситуација. Сега вие да дадете 30 минути пауза, ние немаме каде да одиме. Пратеничката група на СДСМ има 24 пратеници, имаме една канцеларија на координаторот. Одиме по ходници, прашуваме дали има некаде слободна канцеларија, па да седнеме, некој амандман да напишеме, или да провериме во Службен весник. Надвор од Парламентот се уште невозможни условите. Стручна помош како што знаете немаме. Имаме по еден секретар во комисиите, за работата на комисиите, а за работата на пратеничките групи немаме. Сега тука доаѓаме до еден клучен момент во работата на Парламентот во 2002 година, кога јас бев претседател. Тука е втората точка за која сакам да зборувам, а која се однесува на витештвото во политиката. Ние постигнавме договор со американската Влада како Парламент дека условите за работа на Парламентот треба да се подобрат, за да може да зацврсти демократијата во Македонија. Демократијата понекогаш чини малку и јас сум уверен, односно знам, тоа го знае и нашиот ценет министер Славевски, дека други тековни расходи во Буџетот од 417 милијони се пари на располагање на министерот и на Владата. Не треба да дебатираме за тоа, неколку луѓе во оваа сала тоа го знаеме. И ако Најдовски успеал заради тоа што овој му е трет мандат пратеник, а тој веќе ги открил тајните лавиринти на Буџетот и таму ја насочил, треба да се одобри овој амандман.

Со американската Влада, односно со американската администрација во поширока смисла на зборот постигнавме договор дека ќе работиме на проширување на демократската основа на македонскиот Парламент на две платформи. Едната е да имаме стручна помош во Парламентот и за тоа МДИ ни ги плаќаше долго време овие практиканти кои се во Парламентот, со намера еден ден да се востанови како пракса на Парламентот. Сега престана да ги плаќа, затоа што 4 или 8 години поминаа, треба да си ги плаќаме тие практиканти, зашто тие како што знаете постојат секаде, тргнувајки од најмоќната

институција во светот Белата Куќа, завршувајќи до најмалиот парламент во светот, треба да ги има и кај нас и второто е дека треба да имаме подршка на парламентарната дејност, вон од Парламентот во изборните единици од каде што доаѓаме. Одете на Југ од нашата држава секој грчки пратеник во изборното место од каде што е избран, го има тоа што сега господинот Најдовски го бара на волонтерска основа со мал надомест, го има на професионална основа. Дури јас размислував, иако на два три пати не сум наидел на разбирање кога се менувал Уставот. Ние треба да го смениме Уставот од таму каде што пишува 120 до 140 пратеници. Јас сум уверен дека нам ни е доволно 80-100 пратеници со интенција да го сведеме на 80, па да имаме подобри услови за работа, да имаат тие 80 пратеници Што ќе бидат избрани, затоа што Република Македонија и нее толку голема држава, со 80 пратеници може да функционира. Ова е уникамерен систем, едно домен Парламент, имаме преголем број на пратеници треба да направиме да им се овозможат услови за работа.

Второ, со амаериканските власти постигнавме договор во минатиот мандат тие да финансираат околу 40 до 50 канцеларии за врски помеѓу пратениците и избирачите од 2002 до 2006 година, што американската Влада го испрати. Тој договор го потпишав јас, сега не се ссеќавам за детали, меѓутоа постои, стручните служби верувам ќе го најдат, со намера македонската држава да се подготви во тие 4 години и овој буџетски товар го превземе на свој грб, откако четирите години ќе го финансираат прво американската Влада преку МДИ. Сега тој период заврши. Пратениците 4 години имаа пристап во минатиот мандат до граѓаните преку канцеларија, со компјутер, со телефон и со секретарка или соработник,којкако избрал техничко или стручно лице да може да комуницира со граѓаните. Заврши програмот на МДИ, сега ние во Буџетот не одобруваме средства за таа работа. Затоа зборувам дека ова меѓу другото е прашање на витештво во политиката. Ако сме се договориле со американските власти дека ќе не помогнат во почеток иницијално, после сами да си помогнме и после помошта го прекинуваме тој дел од соработката, американските власти со право можат или МДИ или други да ни кажат, извинете програмите што ги работиме со вас, веднаш по завршување ги укинувате. Според тоа, ние инвестираме во празно. Не продлжувате со сопствени средства. Ние иницираме нешто што нема завршеток.

Од тој агол гледано би било добро овој амандман да се прифати. Дури ако нема излез заради нивото на средства кој министерот ги оценил во неговото образложение дека е превисок за Буџетот, тогаш е подобро евентуално, да се прекине по расправата овој амандман, да пресмета Министерството за финансии колку можат да одвојат ставката која е за вакви случаи резервирана, па да се намалат надоместоците и трошоците од вкупно 33 милијони 249 илјади и 600 на некоја пониска ставка која што е прифатлива за Министерството, ама да ја имаме , отколку да ни се соопшти дека не ги спроведуваме обврските што си ги преземаме. Искрено се надевам дека Парламентот не би требало да биде место каде што зависно од тоа која партија доаѓа на власт, ги негира обврските што ги презела претходната.

Впрочем, и самиот претседател на Парламентот се стави во една таква ситуација со тие неславни изјави околу чоколадирани компјутери. Замислете што ќе се случи ако идниот претседател на Парламентот каже на Американците на тоа ниво,понатаму не сакаме да соработуваме, затоа што тоа го направиле на минатиот состав. Значи, тие работи не одат. Особено не оди што обврските се превземени со една од државите која самата Влада постојано во сите говори ја карактеризира како наш стратешки партнер. Ниту употребува израз на еден од стратешките партнери, туку за Америка вели стратешки партнери. Сега на Америка и го вртиме грбот со тоа што обврската не си ја спроведуваме до крај. Затоа ценам дека е витештво во политиката, колку и да направиме фискална контракција на ова ставка други тековни расходи во функцијата на државата, за да ја исполниме оваа функција, односно оваа обврска коај што сме ја презеле и која 4 години, рака на срце, пратениците од минатиот состав знаат, има тука и од опозицијата од минатиот состав. Функционираше, имаше на секои три пратеника по една канцеларија за врски со граѓаните. 40 - 50 на 120 беа од прилика. Дури сега може да се оди во обратна насока. Еве јас размислувам како пратеник во моментот дека можеме да одиеме чекор поназад. На пример, двајца по двајца пратеници да се организираме наместо 33 милијони да има ставка од половината од тоа, 17 милјони. Ние секој во пратеничките клупи ќе се организираме така двајца по двајца да си имаме, особено во поголемите градови како Штип, Велес и т.н. има по повеќе пратеници, да може еден да ни ја врши таа функција за двајца, па така да се рационализира. Меѓутоа, да не запре програмата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Јас навистина можам да му се заблагодарам на господинот Поповски што спомна еден концепт на одржливост на подршката што ја даваат нашите пријатели од надвор. И ако беше амандманот на господинот Најдовски во таа насока, верувајте дека без дилеми ќе го прифатевме и немаше 6 часа да изгубиме овде. Мислам дека предлогот на господинот Најдовски и потребата од одржливост на проектот МДИ немаат никаква врска. Таква врска барем јас не гледам, можеби не сум добро информиран. Но дека имаме една многу едноставна пресметка во која што јас изразив соменување. Не знам како се поедноставува работата дека и двојно помала сума може да задоволи некои потреби. Овде гледам еден многу лабав начин, или предлог пратениците да добиваат средства на

располагање што не знам преку кој механизам би ги користеле и преку кој механизам би се контролирало тоа трошење. Филозофијата не е, што е легитимно понекогаш да се даде одредена сума на располагање и пратеникот да има обврска да одржува канцеларија за врски со граѓаните. Значи, токму поради тоа ние не можевме да го прифатиме овој амандман, но, како што реков да повторам, целосно имаме разбирање за барањето на пратениците. Да речеме, законско решавање на оваа можност, илиобврска на Владата да ги финансира и овие активности на пратениците, би помогнала во иднина за поставување на здрава основа на овие активности.

Само уште нешто да спомнам го корегирам господинот Поповски, проектираната ставка на инфлација,како што беше спомнато во експозето, поделено е и во писмена форма, е 3% . Буџетот на расходната страна навистина, е рестриктивен, затоа што во реална вредност, приходите се под она што беше проектирано за минатата година, односно за оваа година 2006 за ребалансот и не би се согласил дека ако утврдиме некои приоритети кои што можеби на прв поглед се видливи дека Буџетот е експанзивен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре,

Господине Најдовски вие се јавувате како предлагач, или за реплика? (За реплика). Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, господине министре, прво сакам да исправам една неточност која ја искажавте дека мојот предложен амандман не е продолжување на програмата МДИ. Јас ве разбирам вас вие не можете да ги прочитате образложенијата на сите 180 амандмани кои што се поднесени и тоа е нормална работа. Но, во образложението на амандманот стои точно дека е продолжување на МДИ проектор. Проектот на МДИ се состоеше од следново господине министре. Секој од пратениците да имаат 40 канцеларии, да имаат свој простор за кој што МДИ нема да плаќа закупнина. Претежно пратениците некои ги најдоа во месни заедници, некои во партии, или не знам каде. Пресметката е согласно онака како се одвиваше работата со МДИ. Асистентите добиваат 8 илјади денари од МДИ месечно за она што беа ангажирани за пратениците. МДИ ни обезбеди компјутери, кои компјутери ги повлече од сите канцеларии пред месец неполн на изборната кампања, со цел, ни еден од пратениците, или партиите да не ги користат тие технички средства по изборната кампања. И сите компјутери, и целата техничка опрема во МДИ, од оние разговори што ги имавме, тогаш кога ј аповлекоа таа опрема рекоа до колку го продолжите проектот, како Парламент, техничката опрема повторно ќе ви биде вратена. Што значи, првото ваше кажување дека ова не е проектот на МДИ, не е точно господине министре, туку е токму продолжување на проектот на МДИ, како што беше.

Пресметките кои што јас овде ги имам направено, можеме околу тоа да разговараме, но јас прашувам дали е многу, ќе повторам по стоти пат, со сметка не да им се дадат, пратениците да располагаат со парите, не да му се даде на пратеникот пари. Никој не бара на пратеникот да му се даде пари. Туку, ако има активност до 10 илјади денари за промовирање на активностите, кои што во Собрание, до 10 илјади денари во месецот со сметки да им бидат покриени од овој Буџет.

На крајот на краиштата, господине министре не сакам да ја заострувам дискусијата по овој амандман, но навистина, ме провоциравте во кои ставки и од каде ставки. Од каде ставката за спотот 100 дена Влада. Во која програма и каде беше предвидено. Никаде не е предвидено тоа нешто и е спротивно на Законот за извршување на Буџетот. Ќе повторам уште еднаш. Ова е исклучиво продолжување на проектот од МДИ за кој ние имаме обврска. Знаат овде и пратеници кои што се од ВМРО-ДПМНЕ, кога ние бевме во САД во Националниот демократски институт, тие самите ова го иницираа понатаму да продолжиме.

**Бесим Догани:** Дали се јавивте Грковска Славица за збор, или за реплика. Повелете за реплика.

**Славица Грковска:** Почитуван господине Славески, мене ми е многу жал што целата дискусија околу амандманот многу лесно ја сведовте на тоа дека пратениците овој амандман го предлагаат затоа што бараат пари. Не можам никако да се согласам дека пратениците бараат сума на располагање за која што не знаете како ќе ја контролирате и за што ќе ја трошат.

Мислам дека на тој начин ги навредивте сите пратеници во ова Собрание, заради тоа што априори ги обвинивте за злоупотреба. За нешто што сосема поинаку ќе функционира. Затоа барам од вас да се извините на сите пратеници.

(Со седницата продолжува да претседава Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

**Иван Анастасовски:** Една минута реплика за господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Јас имам навика да се извинувам и како потреба и како човечко и цивилизациско чувство. Но овде, затоа што беа неколку реченици, мислам дека интелигентен човек ќе разбере она што го кажав. А за таква ја сметам госпоѓата Грковска. Можеби би било мало невнимание. Јас реков дека е сосема легитимно. Беше посочен примерот со Турција, каде што имаат на располагање она што се вели за пратениците сума. Го искористив зборот легитимно, ако се одлучиме за тој принцип. Не е работа на Владата да контролира некого. Врз основа на закон, ако одлучите за такво нешто, ќе најдете начин, како тоа да го контролира. Ве молам, немојте некого да обвинувате.

**Иван Анастасовски:** Има збор господинот пратеник Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Благодарам господине потпретседателе, предлагачот на овој амандман

рече дека не очекувал оваа дискусија така да тргне и се согласувам со него. Навистина, за еден амандман три или повеќе часа да се дискутира е премногу, имајки предвид дека само за Буџетот има 180, или над 180 амандмани.

Овој амандман повелече дискусии и пошироко од тоа што е содржано за него. Се отвори една тема која треба да биде на дискусија на една друга прилика, а тоа се условите во кои работи Парламентот. Затоа, без потреба изгубивме многу време и мислам дека како последен говорник, барем се надевам дека ќе бидам последен говорник за овој амандман, сакам да кажам дека амандманот е за подржување од аспект на секој прламентарец, затоа што сегашните услови во кои се работи не обезбедуваат контакти на парламентарците со базата, не обезбедуваат финанскиски, просторни, технички и експертски услови, за да може да се комуницира со базата, со избирачите, а тоа тие го бараат. Тие бараат многу повеќе да бидеме со нив, а многу помалку овде да седиме и да дискутираме по некогаш да имаме и стерилни дискусии и за вакви теми што овде се отвораат.

Затоа, мислам дека сепак идеата не е лоша, дека амандманот има основа да биде подржан, меѓутоа, да биде на некој начин модифициран, за да може да се продолжи она што е почнато со програмата на МДИ, со тоа што ќе се отворат канцеларии најнапред во поголемите општини во кои би можеле не само еден пратеник, туку пратениците од таа општина од различни пратенички групи да контактираат со своите избирачи, всушност, со граѓаните, а не само со членовите од својата партија, туку пошироко. Затоа, подржувајки го овој амандман, јас би предложил Министерството за финансии, односно господинот министер за финансии да размисли како тоа ќе се направи. Дури и во ситуација ако овој амандман од проста причина што опозицијата сега не е присутна, постои опасност да не биде изгласан, дури и со гласови на некои пратеници од позицијата, сепак предлагам да се размисли како тоа да се оствари, дали тоа ќе биде како што беше спомнато со отворање на прашањето за повторно донесување на некаков закон за пратеници, или на друг начин. Но како и да е, да се овозможи на нас пратениците да можеме да патуваме на терен и да се среќаваме со граѓаните,особено со оние кои не можат да дојдат во Скопје и да не посетат овде во Парламентот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот и пред да преминеме на гласање.

**Иван Анастасовски:** Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници присутни во салата.

Бидејќи имаме доволен број на пристуни пратеници во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеника, за гласале 35, 2 се воздрале, 38 биле против.

Во што е процедурата?

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, согласно член 94 став 3 од Деловникот за работа, бидејќи резултатот од гласањето се разликува за плус минус пет од потребните, барам поименично изјаснување, кое ќе го поддржат најмалку десет пратеници.

**Иван Анастасовски:** Имате поддршка од десет пратеници?

**Јани Макрадули:** Има.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај повелете да видиме во што е процедурата.

**Оливер Спасовски:** Потпретседателе, после гласањето влегоа двајца пратеници и би ве молел да водите сметка во однос на Деловникот кои се одредбите за да се има предвид гласањето дали имаат право или немаат право. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Повелете, колега Макрадули, во што е процедурата?

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Согласно член 94 став 3 пишува “Поименичното гласање се врши со изјаснување на секој прозван пратеник со за или против предлогот или со воздржување од гласањето и за тоа време вратите од собраниската сала се затворени”. Секако, тоа ќе се направи кога ќе почне поименичното гласање.

**Иван Анастасовски:** Ги молам службите да пристапиме кон поединечно гласање на пратениците. Вратие нека бидат затворени.

Повелете.

(Фелек Касами застана на говорницата за да го забележи поименичното гласање).

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Потпретседателе, само кратка забелешка. Мислам дека е во ред да ги повиката пратениците што се наоѓаат во Собранието, да влезат, бидејќи и тоа би било во ред пред да почнеме да се пребројуваме.

**Иван Анастасовски:** Отпочнавме со гласањето, дадовме наредба да се затворат вратите и почнуваме со гласањето.

Ве молам, тишна во салата за да отпочнеме со гласањето.

Повелете господине Китановски во што е процедурата.

**Илија Китановски:** Процедурата во суштината на толкувањето на Деловникот, значи барањето, правото на барање на секој пратеник е да се сомнева во исходот на гласањето. Како можете да дозволите толкување кое што ќе ни дозволи други пратеници кои што отпосле влегле во салата да им дозволите да гласаат, бидејќи суштината на барањето е се сомневаме во гласањето, во исходот на гласањето и затоа бараме поединечно гласање. Значи, се сомневаме во исходот на гласањето на тие луѓе што биле тука. Како сега ќе

дозволиме да влегуваат други пратеници кои што не биле во моментот. Тоа е духот на толкувањето, тука не смее прв пат и тоа мора да го знаеме.

**Иван Анастасовски:** Членот 94 од Деловникот, за тој член вие говорите колега Китановски. Овде децидно не стои, туку стои дека пратеникот има право да побара и ако го поддржуваат десет пратеници, пристапуваме кон поединечно гласање. Меѓутоа, откако тоа го објавивме, вратите се затворија, се даде наредба вратите да бидат затворени и во меѓувреме не знам дали влезе некој од пратениците.

**Илија Китановски:** Сега ќе го цитирам член 94, бидејќи пред малку импровизирав, го немав деловникот пред себе. Член 94 став 2 вели: "поименично изјаснување може да се врши заради точно утврдување на резултатот од гласањето кој што бил претходно". Вие сакате точно да го утврдите резултатот од гласањето кој што бил претходно од присутните пратеници. По барање на претседателот или на еден пратеник тие барањето ќе го поддржат и тн., само ако предлогот за кој се гласа добил по пет гласови повеќе или помалку од дадениот број на гласови, за негово донесување. Значи, суштината се состои во тоа дека поименично изјаснување може да се врши, причината заради која можеме да бараме поименично изјаснување за точно утврдување, го цитирам член 94 став 2 "заради точно утврдување на резултатот од гласањето". Вие овде ако сега дозволите гласање со дополнително влезени пратеници, вие ќе го повредите член 94, бидејќи ставот 2 од него предвидува да се утврди точно гласањето на тие пратеници кои што биле во салата. Вие ја повредувате причината заради која што постои член 94. Заради точно утврдување на гласањето кое што е оспорено.

**Иван Анастасовски:** Повелете имате процедурално господине Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе. Мислам дека прво треба да се воспостави ред во салата за да можеме да се слушаме. Да не зборуваме сега многу, да не употребуваме тешки зборови, бидејќи приучен правник, му е јасно дека треба да гласат оние што гласаа. Треба да се извлече листингот и тие да гласаат повторно. Мислам дека сосема е јасна процедурата. Не може гласале неколку а после тоа, мислам дека апсурдни ни се тврдењата на господинот Макрадули и другите. Се работи за соема правна процедура, да се провери тие што гласаат, дали повторно така ќе гласаат.

**Иван Анастасовски:** Повелете господине Макрадули, процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе. Јас најостро протестирам против серијата навреди што доаѓаат од страна на мнозинството. Јас незнам каков приучен стручњак е господинот Трајанов. Но овде сите 120 пратеници сме еднакви и исти. Вие како потпретседател, во овој момент и претседавач на седницата вие го толкувате деловникот, вие го започнавте читањето и прозивањето поименично. Ве молам продолжете и обезбедете ред во салата од страна на парламентарното мнозинство кое што инсистираме побрзо да се заврши да продолжиме по другите амандмани, сакаме да работиме.

**Иван Анастасовски:** Јас ја прифаќам оваа деловничка забелешка како претседавач. Јас сега давам 15 минути пауза, со координаторите на пратеничките групи да се договориме, бидејќи имаше серија процедурални забелешки од страна на опозицијата.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,52 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, треба да продолжиме со поединечното изгласување.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ќе продолжиме со поединечното изјаснување, ги молам пратениците.

Колеги пратеници,

Продолжуваме со поединачно гласање.

Јас само сакам во мое име да се извинам, бидејќи до она што значи до затварање на вратите се одеше во најдобар ред и процедурата не беше во ниеден момент нарушена. Продедуралните забелешки од вас пратениците ја вжешти атмосферата во салата каде што констатиравме дека по затварањето на вратите сите пратеници кое се внатре, можеби некој влегол таму, имаат право на поединечно изјаснување. Затоа, повикувам да се затворат повторно вратите и да продолжиме таму каде што застанавме, повелете.

**Фелек Касами:**

| | |
|---|---|
| Адеми Џеват | за |
| Ајдини Насер | против |
| Алити Рафис | за |
| Анастасовски Иван | за |
| Андов Стојан | не е тука |
| Андоновска Марија | против |
| Арифи Теута | не е тука |
| Ахмети Али | не е тука |
| Бендевска Весна | за |
| Беџети Блерим | не е тука |
| Бонева Силвана | за |
| Божиновска Валентина | не е тука |
| Бучковски Владо | не е тука |
| Буџаку Агрон | за |
| Вејсели Абдулади | не е тука |
| Велиу Фазли | не е тука |
| Вељаноски Трајко | против |
| Витанов Зоран | за |
| Георгиевски Љубиша | не е тука |
| Георгиевски Љубчо | не е тука |
| Кире Гештаковски | не е тука |
| Ѓелова Стојанова Соња | против |
| Герамитчиоски Тале | не е тука |

| | |
|---|---|
| Гинев Јован | против |
| Грковска Славица | за |
| Грозданов Цветко | против |
| Дамески Панче | не е тука |
| Даневски Томе | против |
| Деркоски Оливер | против |
| Димеска Катерина | против |
| Димитриевски Дарко | против |
| Димитровски Ратко | против |
| Димовски Илија | против |
| Догани Бесим | против |
| Додовски Марјан | за |
| Дончев Данаил | не е тука |
| Дулиќ Благородна | против |
| Дураки Садула | за |
| Ѓорѓеска Ружа | против |
| Ѓорѓиевски Веле | против |
| Ѓорчев Владимир | против |
| Жерновски Андреј | не е тука |
| Зашов Благој | за |
| Ибиши Хазбије | против |
| Иванов Љубисав-Ѕинго | не е тука |
| Иванова Цветанка | за |
| Ивановска Јаготка | против |
| Ивановски Игор | не е тука |
| Јакимовска Светлана | против |
| Јакупи Зумрете | за |
| Јаневска Весна | за |
| Јашари Аднан | не е тука |
| Каба Гарип | против |
| Кадри Фљора | против |
| Киров Ацо | за |
| Кипаризовска Крстеска Анита | против |
| Китаноски Илија | против |
| Китаноски Лазар | не е тука |
| Кондарко Борис | за |
| Коцев Ванчо | против |
| Крстевски Стојче | против |
| Куновска Јагнула | не е тука |
| Лалчевска Ристана | не е тука |
| Макрадули Јани | за |
| Манасијевски Јован | не е тука |
| Маркоски Гоце | против |
| Матоши Ружди | против |
| Мисовски Горан | за |
| Митаноски Веле | не е тука |
| Митрева Илинка | не е тука |
| Мери Младеновска Георгиевска | за |
| Мустафа Неждет | не е тука |
| Најдовски Слободан | за |
| Незири Хади | не е тука |

| | |
|---|---|
| Незири Сафет | за |
| Николов Марјанчо | за |
| Николоски Александар | воздржан |
| Оровчанец Ѓорѓи | не е тука |
| Пачемски Миле | против |
| Пенов Ристо | не е тука |
| Петковски Тито | не е тука |
| Петрески Зоран | воздржан |
| Петров Горан | против |
| Положани Азиз | не е тука |
| Поп Арсов Петар | против |
| Поповска Лилјана | против |
| Поповски Никола | за |
| Рамадани Агим | против |
| Рахиќ Есад | за |
| Реџепи Даут | не е тука |
| Рилкоски Никола | не е тука |
| Салију Селвије | за |
| Салиу Шабан | за |
| Секуловска Мирјана | против |
| Селмани Ајше | за |
| Селмани Елмазе | против |
| Серафимов Влатко | за |
| Спасеновски Александар | против |
| Спасовски Оливер | за |
| Станчевска Нада | против |
| Стефановска Анета | против |
| Стоилковиќ Иван | не е тука |
| Стојанов Ристо | против |
| Сулејмани Фадил | на е тука |
| Танчева Тулиева Надица | против |
| Тачи Мендух | не е тука |
| Ташева Виолета | против |
| Топузова-Каревска Роза | за |
| Трајанов Павле | против |
| Ќуркчиев Никола | за |
| Филипова Верица | за |
| Хасипи Кенан | не е тука |
| Хани Тахир | за |
| Цаноски Фијат | не е тука |
| Цветковска Благородна | за |
| Џафери Арбен | не е тука |
| Шамбевски Оливер | не е тука |
| Шекеринска Радмила | не е тука |
| Шутаров Васко | против |

Почитувани колеги да нема сомнеж на гласањето, значи од вкупно 79 кои се изјасниле, за гласале 34 пратеници, против гласале 43 пратеници, воздржани гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 02001 Програма 2

Потпрограма 20 ставки 421 и 425 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Со ова денес ја завршувам оваа седница.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,08 часот).